Вилдан
Дрпљанин

Наташа
Петковска



оспорување на статус-квото во
македонскиот современ синдикализам

# СОЈУЗНИШТВО
# СОЛИДАРНОСТ
# И БОРБА

# СОЈУЗНИШТВО СОЛИДАРНОСТ И БОРБА

## ОСПОРУВАЊЕ НА СТАТУС-КВОТО ВО МАКЕДОНСКИОТ СОВРЕМЕН СИНДИКАЛИЗАМ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА


АВТОРИ

ВИЛДАН ДРПЉАНИН

НАТАША ПЕТКОВСКА



СКОПЈЕ, 2021 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Издавач:

Хелсиншки комитет за човекови права претставуван од претседателка проф. д-р **Неда Здравева**

Уредник:

**Уранија Пировска,** извршна директорка на Хелсиншки комитет за човекови права

Автори:

**Вилдан Дрпљанин**

**Наташа Петковска**

Лектор:

**Роберт Раман**

ЦИП број

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека ‘‘Св. Климент Охридски’’, Скопје

331.105.44:347.19(497.7)(047.31)

**ДРПЉАНИН, Вилдан**

Сојузништво, солидарност и борба [Електронски извор] : оспорување на статус-квото во македонскиот современ синдикализам / Вилдан Дрпљанин, Наташа Петковска. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2021

Начин на пристапување (URL): https://mhc.org.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 48 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.06.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 44-48

ISBN 978-608-4790-93-8

1. Петковска, Наташа [автор]

а) Синдикати -- Правен субјективитет -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54211845

*Овој труд е заснован врз и ги анализира податоците од спроведеното истражување ,,ЗДРУЖУВАЊЕ, ЗБУНЕТОСТ ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБА: Улогата на синдикатите во заштитата на работниците‘‘, напишано од истите автори, а издадено од Институтот за европска политика (ЕПИ).

# ПОСЕБНИ НАПОМЕНИ

Главното прашање што беше водилка низ целиот процес на пишување и на кое овој труд бара одговор е: „Како правниот субјективитет на синдикатите може да придонесе за трансформација на синдикалното движење, со крајна цел подобрување на работничките/човековите права?“ Трудот има цел да даде препораки и опции за јавни политики од областа на синдикалното здружување и работничките права.

На почетокот сакаме да изразиме посебна благодарност до Томе Георгиевски - пензионер и поранешен потпретседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, Џејлан Велиу - работничка и магистер по казнено право и Петар Димитров - работник и магистер по деловно право на тема правен субјективитет на трговски друштва, за нивната рецензија на трудот од различни перспективи во првичната верзија. Посебна благодарност изразуваме и до Билјана Чкламовска - надворешен соработник на Унијата на автономни и независни синдикати на Македонија, Зоран Василески - адвокат, Ина Џугуманова - правна советничка и борка за човекови права, Мариглен Демири - истражувач, Марјан Ристески - претседател на Конфедерацијата на синдикални организации на Македонија и Неда Петковска - истражувачка во областа на родовата еднаквост за рецензијата на конечната верзија на овој труд.

Посебна благодарност изразуваме и до Институтот за европска политика (ЕПИ) за поддршката при изработката на основното истражување **„ЗДРУЖУВАЊЕ, ЗБУНЕТОСТ ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБА: Улогата на синдикатите во заштитата на работниците“.**

Наодите од истражувањето немаше да бидат целосни без соработката со Независниот синдикат за образование и наука (НСОН), синдикатот при ЗК Пелагонија АД Битола, синдикатот при ЕРИДЕН ДООЕЛ - Битола, Агро-синдикатот, Синдикатот на Македонска пошта Скопје - Подружница Куманово, Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија (СТКЦ), Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК), Самостојниот синдикат на работниците за енергетика и стопанство (ССЕСМ), Независниот академски синдикат (НАкС), Синдикатот на културата (СКРМ), Синдикатот на поштенски и телекомуникациски оператори (СПТОМ), Независниот синдикат на одбраната (НСОМ), Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика (СШДЕ), Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита (ССЗФСЗ), Сојузот на синдикатите (ССМ) и Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС).

# АПСТРАКТ

Овој труд ја анализира улогата на синдикатите во работните односи низ призмата на нивниот правен субјективитет. Целта е преку претставување на две различни стојалишта во однос на правниот статус, да се покаже на кој начин наодите од спроведеното истражување ја наметнуваат тенденцијата да се оспори постојното статус-кво. Имајќи ја предвид асиметричната моќ помеѓу синдикатите на повисоко ниво и „пониските“ синдикати во дискурсот за нивниот правен субјективитет, трудот покажува дека кога сите синдикати уживаат својство на правно лице се зајакнува суштинското синдикално организирање, наспроти чисто формалното. Аргументацијата посочува дека стекнувањето својство на правно лице со моментот на упис во соодветниот регистар, за синдикатите претставува прв чекор на долгиот пат за зајакнување на сојузништвото, солидарноста и борбата кон остварување на заедничките интереси и цели. Поаѓајќи од одговорите за основната функција на синдикатот и за правниот статус на сите синдикати, трудот придонесува во креирањето на јавни политики за зајакнување на улогата на синдикатите при заштитата на работничките права.

**Клучни зборови**: синдикат, правен субјективитет, синдикат од понизок степен, синдикат на повисоко ниво, работнички права, Закон за работните односи.

# -СОДРЖИНА-


7 ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

8 ВОВЕД

13 МЕТОДОЛОГИЈА И ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП

16 КОН СТАТУС-КВОТО НА СИНДИКАЛИЗМОТ

16 Македонската синдикална еволуција

19 Компаративна проценка на македонскиот контекст

20 Правната поставеност на синдикатите денес

22 ПРВ ДЕЛ - ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ САМО ЗА СИНДИКАТОТ НА ПОВИСОКО НИВО

24 1.1.Можностите за синдикално организирање и борбата за работнички права

25 1.2.Теоретска дебата - суштински импликации

27 1.3.Ризикот од монополизирање на синдикалното организирање

30 2.ВТОР ДЕЛ - ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ ЗА СИТЕ СИНДИКАТИ

32 2.1. (Не)можност за остварување на основната функција на синдикатите

34 2.2.Правниот субјективитет како основа за функционирање на синдикатите

37 2.3.Мотивот за здружување

41 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

43 ЛИСТА НА ТАРГЕТИРАНИ ПРЕПОРАКИ

44 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

46 ДОКУМЕНТИ

47 ЗАКОНОДАВСТВО

# -ЛИСТА НА КРАТЕНКИ-

| | |
|---|---|
| ЗРО | Закон за работните односи |
| КСОМ | Конфедерација на синдикални организации во Македонија |
| КСС | Конфедерација на слободни синдикати на Македонија |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НАкС | Независен академски синдикат |
| НСОН | Независен синдикат за образование и наука |
| СКРМ | Синдикат на културата на Република Македонија |
| СОНК | Самостоен синдикат за образование, наука и култура |
| СПТОМ | Синдикат на поштенски и телекомуникациски оператори |
| ССЕСМ | Самостоен синдикат на работниците за енергетика и стопанство на Македонија |
| ССЗФСЗ | Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Македонија |
| ССМ | Сојуз на синдикатите на Македонија |
| СТКЦ | Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија |
| УНАСМ | Унија на автономни и независни синдикати на Македонија |
| УПОЗ | Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија |

# ВОВЕД

„Да се трудиш и мачиш и па да бидеш гладен и страден. Работник - патник: да немаш ништо, да страдаш за сичко - а ти и твоите браќа да праите се! Палати да праиш да живееш у изба - од лулка до гроб да бидеш роб. Од вашата мака да живеат друзи! О, братко! Плукни на таков живот! Со браќата твои, со маката ваша, сронете го овој свет и нов направете - братски!“

- Кочо Рацин (1936)[1]

Изморените македонски работнички и работници често работат со полно работно време секој ден во неделата за минимална плата, немаат право на годишен одмор подолг од 10 дена и не им се плаќа прекувремената работа.[2] Минималната нето плата во државава во моментов изнесува 15.194 денари, што претставува зголемување од само 239 денари во однос на претходната година,[3] додека просечната нето плата е во висина од 27.948 денари,[4] но најголем дел од луѓето не само што работат за плата далеку пониска од просечната, туку честопати работат и за плата во износ под минималниот.[5] За да се добие јасна слика за состојбата на работничките и работниците во Македонија, сето ова треба да се стави во контекст на нееднаквата распределба на богатството, а за разбирање на положбата во која се наоѓаат угнетените работници, битно е да се согледа во какви околности е затекнато синдикалното движење и во колкава мера

1 Коста Солев Рацин, Поетски творби (Македонска книга 1936).
2 Вилдан Дрпљанин, „Трудот и потта се наши, парите и капиталот се на 900 луѓе во државава“ (ResPublica, 2020) <https://respublica.edu.mk/mk/blog/900> последно пристапено на 03.05.2021 година.
3 Влада на Република Северна Македонија, „Се зголемува минималната плата, недела ќе биде неработен ден, работниците во трговските центри ќе имаат и двојна дневница и слободен ден“ (31 март 2021) <https://vlada.mk/node/24758> последно пристапено на 04.05.2021 година.
4 Државен завод за статистика, „Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, февруари 2021 година“ (21 април 2021) <https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40> последно пристапено на 04.05.2021 година.
5 Вилдан Дрпљанин, „Трудот и потта се наши, парите и капиталот се на 900 луѓе во државава“.

синдикатите ја остваруваат својата заштитничка улога.

Еден работник во Македонија со својот труд во просек произведува околу 1130 евра месечно, од кои околу 400 евра остануваат за нив, приближно 140 евра се наменети за даноци, а останатите 590 евра се за газдите на работничкиот труд - нивните работодавачи.[6] Кога, пак, упростено би се претставил доходот на богатите (1 отсто од целото население) и доходот на преостанатите 99 отсто, распределбата на богатството во Македонија би изгледала вака:

**Доколку буџетот на државата би бил, 100 денари, 14 денари се распределуваат на 9 000 луѓе, а 86 денари на 891 000 луѓе**

Вака претставената нерамнотежа во моќта, што произлегува од произведениот вишок на вредноста од страна на работникот,[7] е главниот катализатор на класните разлики и создавање општества каде што мала група луѓе поседуваат значително поголемо богатство од сите останати. Брзорастечката здравствена криза и последиците како резултат на пандемијата предизвикана од COVID-19,[8] произведоа економски и социјални импликации од огромни размери, од кои човештвото допрва ќе се опоравува. Работничките и работниците беа први на удар, неизбежно давајќи ѝ на оваа ситуација карактер на работничка криза. Кризната состојба за работниците значеше борба за зачувување на своето и на здравјето на најблиските, но и борба за спас на својата егзистенција.[9]

Нееднаквоста во распределбата на доходот, мерена преку Џини индексот на месечните нето примања во државава, се зголемила од 30 на 33,5 отсто за периодот од февруари до јуни 2020 година, што претставува многу високо зголемување на толку краток рок.[10] Ова покажува дека кризата имаше различно влијание врз општествените групи, пропорционално на нивната моќност. Па така, помалку моќните општествени групи беа значително позасегнати од негативните импликации на кризата затоа што најчесто станува збор за лица со несигурен работен однос.[11] Ваков пример се текстилните работнички чии договори за вработување често се склучуваат за времетраење од само еден месец. Уште една причина за зголемување на нееднаквоста во распределбата на доходот е тоа што минатава година значително повеќе се намалија примањата на вработените во дејностите што се најпогодени од кризата, за разлика од примањата од капитал што претставуваат главен извор на доход на побогатите.[12]

6 Евростат, Компаративен приказ, последните достапни податоци за Македонија се од 2019 година, сумиран приказ е овозможен и достапен на следниот линк: https://cutt.ly/zbR4dxR.

7 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија*, (Левичарско движење „Солидарност“, 2017).

8 Болеста предизвикана од новиот коронавирус SARS-COV-2.

9 Хелсиншки комитет за човекови права, „Посебен извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19“ (13 октомври 2020) <https://mhc.org.mk/news/poseben-izveshta%d1%98-za-sosto%d1%98bata-so-chovekovite-prava-vo-vreme-na-kovid-19/>.

10 Билјана Јовановиќ, Бранимир Јовановиќ, Виктор Митевски, Виктор Стојкоски, „Нееднаквост во време на корона - Ефекти од пандемијата на Ковид-19 врз македонската економија: бриф за политики“ (2021) <https://zmai.mk/wp-content/uploads/2021/01/Efektite-od-Kovid-vrz-MK-ekonomija-MK.pdf>, страна 18.

11 Ibid. страна 18.

12 Ibid. страна 18.

Графикон 3.1.
Џини индекс на месечните нето примања во Република Северна Македонија (февруари-јуни 2020 г.)




Слика број 1 - Графички приказ на Џини индексот за периодот февруари-јуни 2020 г.[13]

Заклучоците од истражувањата за ефектите на пандемијата врз помалку моќните општествени групи говорат дека најпогодени се лицата со примања околу минималната плата, младите и жените, чии примања значително се намалија овој период во споредба со примањата на останатите граѓани,[14] а посилно се погодени и посиромашните региони и трудоинтензивните индустрии.[15] Во март и април 2020 година, веднаш по воведувањето на првите мерки за справување со кризата, беше забележано изразено намалување на индустриското производство на текстил, облека и кожа.[16] Притоа, во 2020 година вкупниот број на нови невработени лица во градовите каде што текстилната индустријата е најзастапена бележи зголемување од 128 отсто во споредба со 2019 година.[17] Тоа значи дека во 2020 биле регистрирани 6 783 нови невработени лица во текстилната индустрија, додека во 2019 година овој број изнесувал 2 971.[18]

Текстилните работнички се најпогодниот пример за анализирање на ефектите на кризата врз работниците во Македонија. Кога на оваа

13 Графичкиот приказ е преземен од Билјана Јовановиќ, Бранимир Јовановиќ, Виктор Митевски, Виктор Стојкоски, „Нееднаквост во време на корона - Ефекти од пандемијата на Ковид-19 врз македонската економија: бриф за политики“ (2021).
14 Ibid. страна 20.
15 Ibid. страна 21.
16 Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, „Ефектите од COVID-19 врз индустриското производство на текстилната и кожарската индустрија“ (29 март 2021) <https://zmai.mk/ефектите-од-covid-19-врз-индустриското-произ/>.
17 Тие градови се Штип, Тетово, Скопје, Прилеп и Куманово. Види повеќе Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, „Зголемен бројот на невработени лица во текстилната индустрија за време на пандемијата“ (25 февруари 2021) <https://zmai.mk/зголемен-бројот-на-невработени-лица-в/>.
18 Ibid.

категорија работници ќе ѝ се пристапи интерсекциски, се забележува дека во неа се претставени сите помалку моќни општествени групи - младите, жените, лицата од посиромашни региони и трудоинтензивните индустрии. Во последните пет години најчестиот основ за прекинување на работниот однос во текстилната индустрија е истекот на определеното време за кое е склучен договорот за вработување, а бројот на работници што во 2020 година останале без работа по овој основ бележи раст од 123 отсто.[19] Ситуацијата ја прави уште полоша тоа што останувањето без работа не е единствениот проблем со кој се соочуваат текстилните работнички. Текстилните работнички се најдоа помеѓу 17 000 работници што не ја добија заработената плата за три месеци поради блокадата на економските мерки во Собранието од страна на опозицијата.[20] Во април 2021 година, 6 000 текстилни работнички беа испратени на „принуден одмор", поради тоа што работодавачите ја чекаа државната финансиска помош, земајќи плата под минималната за овој период.[21]

Според последните достапни податоци, во Македонија изминативе години околу 450 000 лица живееја под прагот на релативна сиромаштија, додека процентот на лица кои живеат под линијата на апсолутна сиромаштија,[22] изнесуваше околу 4,6 или приближно 100 000 лица.[23] Имајќи ги предвид податоците од Агенцијата за вработување за 43 086 лица кои останале без работа по започнувањето на пандемијата во март 2020 година,[24] како и прикажаните нееднаквости во однос на примањата на работниците, се проценува дека кризата има моќ да втурне дополнителни 25 000 лица во релативна и дополнителни 100 000 лица под прагот на апсолутната сиромаштија.[25] При вакви услови, дури 70 отсто од граѓаните сметаат дека со своите примања од работа, плата, заштеда и друг доход во семејството, би можеле да издржат најмногу до три месеци,[26] а се претпоставува дека просечниот годишен расположлив доход на едно домаќинство, по завршувањето на кризата ќе се намали за 7,2 отсто или 38.341 денари.[27]

Постојаното зголемување на класната раслоеност ги згаснува работничката солидарност и желбата за организирано дејствување и ги насочува работниците кон водење индивидуална борба за остварување одредени работнички права. Оваа индивидуална борба, карактеристична за современиот капитализам, голем дел од невработените работници, како лицата со договори на дело,

19 Ibid.

20 Хелсиншки комитет за човекови права, група синдикати „Првомајски проглас: работнички и работници обединете се! Заеднички во борба за нашите права!" (1 мај 2021) <https://mhc.org.mk/news/prvomajski-proglas-rabotnichki-i-rabotnici-obedinete-se-zaednichki-vo-borba-za-nashite-prava/> последно пристапено на 04.05.2021 година.

21 Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија – април/мај 2021" (2021) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedonija-april-maj-2021/>. Последно пристапено на 23 јуни 2021 година.

22 Под 1.9 долари на ден по лице според паритетот на куповната моќ. Види повеќе во Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?" (ноември 2020) <https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PB43-2.pdf>.

23 Ibid.

24 Агенцијата за вработување дури во месец јуни почна да води разделена статистика за прилив на лица кои се стекнале со статус на невработени лица, за кои одјавата од задолжително социјално осигурување е регистрирана во периодот по 11.03.2020 година. Овде е претставен вкупниот број невработени лица, почнувајќи од март 2021 година. Бројот на невработени лица за месеците март, април и мај, за кои АВРМ не водела разделена статистика во однос на кризата, изнесува 21.838 лица. Агенција за вработување на Република Северна Македонија. „Преглед на податоци за прилив и одлив на невработени лица" (2021) <https://av.gov.mk/pregled-na-podatoci-za-priliv-i-odliv-na-nevraboteni-lica.nspx> последно пристапено на 03.05.2021 година.

25 Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?".

26 Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Економските ефекти од корона-кризата" (април 2020) <https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/QLife_No.3.pdf>.

27 Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?".

работниците во неформалната грижа, работници на ,,црно‘‘, ,,домаќинки‘‘ и слично, ги прави невидливи. Оние кои само фактички се работници, правно не се сметаат за вработени и не уживаат системска заштита, а дополнително се поподложни на експлоатација.[28] На овој начин, тие се наоѓаат надвор од каква било организирана борба за своите работнички права.

Унапредувањето на работничките права и подобрувањето на целокупната состојба на работниците се ставени во заден план, во сенка на заштитата на веќе постоечките права кои секојдневно се прекршуваат. Здравствената криза предизвикана од коронавирусот е најдобар показател за последиците и отсуството на каква било сигурност или гаранција за достоинствен однос кон работници што не се здружуваат. При вакви услови, најмногу се почувствуваа токму неорганизираноста на работниците и синдикалната разединетост, а со тоа и несоодветното претставување и застапување за одбрана на работничките права.

За ова говорат и неуспешните обиди на синдикатите, кои и пред кризата не уживаа голема доверба, соодветно да ги претстават интересите на работниците и да ги заштитат работничките права. Нивниот пристап најдобро се илустрира преку активноста во врска со мерките за поддршка на економијата, во чија подготовка активно учествуваа претставниците на стопанските комори и беа задоволни од тоа што Владата прифати голем број од нивните предлози.[29] За разлика од нив, барањата на репрезентативните синдикати што беа учесници на координативните состаноци не беа земени предвид и не беа преточени во ниту еден од пакетите економски мерки.[30] Тоа јасно посочува дека ,,традиционалните‘‘ македонски синдикати и по 30 години не заслужија стабилно место на масата за преговори и сѐ уште немаат моќ да се изборат за соодветна заштита на работничките права. Репрезентативните синдикати не успеаја ниту да издејствуваат соодветно зголемување на минималната плата во висина од 16.976 денари.[31] Мирното прифаќање на ваквите разврски ја покажува сѐ уште присутната зависност на синдикатите од соработката со институциите и политичарите, кога станува збор за колективното преговарање. Ова дополнително ја намалува и онака ниската доверба на работниците во репрезентативните и синдикатите на повисоко ниво, особено затоа што тие не ја претставуваат и ретко се запознаени со ситуацијата на терен.[32]

Во услови кога сите три страни на социјалното партнерство - работниците, работодавачите и Владата - се засегнати од здравствено економската криза,[33] вреди да се разгледа каква е реалната слика за синдикатите во моментов и што треба да се направи за да се врати синдикалното движење во рацете на работниците. Затоа, потребно е да се предложат алтернативни решенија што би можеле да доведат до зајакнување на синдикалната моќ на работниците, како што е, на пример, стекнувањето правен субјективитет за сите синдикати, што ќе биде објаснето подолу во текстот.

---

28 Вилдан Дрпљанин, „Невидливи работници“ (ResPublica, 2020) <https://respublica.edu.mk/mk/blog/2020-10-26-11-16-26> последно пристапено на 03.05.2021 година.

29 Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија – декември 2020“ (2020) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshta%d1%98-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a-dekemvri-2020/> последно пристапено на 04.05.2021 година.

30 Ibid.

31 На седница на Економско – социјалниот совет за потребата од усогласување на минималната плата, членовите составени од работодавачите и Владата со 8 наспроти 4 гласа, ги надгласаа синдикатите односно работниците за висината на износот на усогласување на минималната плата во согласност со Законот и наместо сумата од 16.976 денари беше усвоена сума од 15.190 денари како нето основа за минимална плата. Сојуз на синдикатите на Македонија, „На седница на ЕСС, работниците надгласани за нивната минимална плата од претставниците на Владата и работодавачите“ (31 март 2021) <https://www.ssm.org.mk/mk/na-sednica-na-ess-rabotnicite-nadglasani-za-nivnata-minimalna-plata-od-pretstavnicite-na-vladata-i> последно пристапено на 04.05.2021 година.

32 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017). Страна 42.

33 Тодор Каламатиев, Александар Ристовски, „Работните односи во услови на здравствено-економска криза предизвикана од Ковид-19“ (јануари 2021) <https://bit.ly/3h1LyGW>.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП

## ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на овој труд е да формулира конкретна препорака во однос на дилемата дали секој синдикат треба да има статус на правно лице и свој правен субјективитет.[34] Со одговарањето на ова прашање, трудот ќе даде свој придонес кон уредувањето на овие одредби во новиот Закон за работните односи. Дотолку повеќе, одговорот на прашањето за правниот субјективитет ќе наметне алтернативни решенија за трансформација на долгогодишниот злоупотребуван синдикализам и ќе придонесе за насочување на збунетото синдикално движење во вистински правец кон солидарно и здружено унапредување на работничките права.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА И ТЕЗА

Разгледувајќи го синдикатот од гледна точка на неговата природа и основна цел, произлегуваат неколку дилеми. Една од нив е прашањето дали основната функција на синдикатот е обезбедување на економски и правни услуги за своите членови или, пак, синдикатот примарно треба да претставува механизам преку кој неговите членови ќе ги остварат заедничките цели за социјална промена и учество во демократските процеси.[35] Оттаму, овој истражувачки труд се обидува да одговори на две битни прашања: која е основната функција на синдикатот според нивното лично уверување и врз основа на тоа дали сите синдикати треба да имаат посебен правен субјективитет. Одговорот на првото прашање несомнено ќе одговори дел и од второто, што понатаму ќе ги постави темелите за креирање јавни политики за зајакнување на улогата на синдикатите при заштитата на работничките права.

34 Под „секој синдикат“ се мисли на сите видови синдикати без разлика на начинот на организирање. Ова значи дека се опфатени синдикатите на ниво на работодавач, струковите, гранковите и општите синдикати. Сегашниот Закон определува правен субјективитет само за гранковите и општите синдикати.

35 Секако, постои можноста дека вистината е некаде на средина како комбинација на двете прашања или дека целта на синдикатот е сосема трета, но за потребите на овој труд и прашањето кое се истражува, ова се двете најрелевантни гледишта. Повеќе за овие дилеми може да се види во Child J, Loveridge R and Warner M, “Towards an Organizational Study of Trade Unions” (1973) 7 Sociology 71.

Претпоставката на која се фокусира ова научно истражување е дека недостатокот на правен субјективитет на сите синдикати доведува до два клучни проблеми: оддалечување на работниците од синдикатите на ниво на работодавач и анексирање на синдикатите од понизок степен од страна на повисокиот облик на синдикат.[36] Стекнувањето правен субјективитет би значело зголемување на видливоста на синдикатите од понизок степен, што понатаму ќе доведе до зацврстување на довербата на работниците во синдикалното движење и конечно, до организирање на работничката класа.

## ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ

Препознавајќи ја потребата од сеопфатно анализирање на промените кои следат со новиот Закон за работните односи, овој труд преку интердисциплинарен пристап ќе ги земе предвид историските, економските и социјалните аспекти на работничките права, генерално, како и на синдикалното движење, поконкретно, за да може да даде таргетирани препораки за трансформација на македонскиот современ синдикализам.[37]

Примарните податоци на истражувањето се прибрани преку спроведување длабински интервјуа со претставници на 17 синдикати на ниво на работодавач, струкови, гранкови и општи синдикати.[38] Интервјуата се спроведени телефонски и во пишана форма поради вонредните околности за време на изготвување на трудот.[39] Прашањата поставени на интервјуираните претставници на синдикатите се од отворен тип и испитаниците имаа можност да одговараат описно, со цел резултатот на истражувачките интервјуа да ја покаже нивната перспектива што изобилува со детали. Целосниот транскрипт на дадените одговори од испитаниците се наоѓа во Анекс број 1 кон ова истражување. За целите на ова истражување, во главниот текст се издвоени главните податоци.

Предметот на ова истражување и постигнувањето на неговата цел се успешно совладани со користење на основните методи на истражување: анализа на одредбите за правниот субјективитет на синдикатите во постојниот Закон за работните односи и предложените одредби во новиот закон. Тие се толкувани во согласност со вообичаеното значење на употребените зборови, при што земен е предвид и контекстот во кој се применува постојниот, а во кој треба да се донесе и новиот Закон. Асиметричната моќ помеѓу синдикатите на повисоко ниво и „пониските“ синдикати во дискурсот за нивниот правен субјективитет е критички испитувана и анализирана во вториот дел од истражувањето. Примарните податоци се анализирани квалитативно и нивното значење е детално објаснето преку категоризирани фрагменти од интервјуата со испитаниците, без притоа воопшто да се изменат нивните изворни изјави. Дополнително, трудот во својата конечна верзија беше испратен на рецензија до два од четирите национални синдикати - Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија (УНАСМ) и Конфедерацијата на синдикални организации на Македонија (КСОМ) и нивните согледувања се вметнати и анализирани во соодветните делови.

Користејќи ги горенаведените истражувачки методи, трудот ќе прикаже на кој начин синдикатите се потпираат на речиси идентични аргументи за да докажат две сосема различни стојалишта во однос на правниот субјективитет за сите синдикати. Авторите на овој труд ќе дадат свои согледувања за тежината на овие аргументи и страната што тие вистински ја поткрепуваат.

---

36 Вилдан Дрпљанин, „Кој и како (ќе) ги организира синдикатите?“ (ResPublica, 2019) <https://respublica.edu.mk/blog/2019-09-11-08-39-41> последно пристапено на 18.03.2020 година.

37 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017).

38 Сите синдикати што одговорија на поканата се наведени на почетокот на овој труд во делот „Посебни напомени“.

39 На 11.03.2020 година Светската здравствена организација прогласи пандемија поради болеста Ковид-19. На 18.03.2020 година, Република Северна Македонија прогласи вонредна состојба на територијата на целата држава.

## СТРУКТУРА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Првиот дел од овој труд ќе ги разгледува историските, економските, и социјалните аспекти на синдикалното движење во Македонија низ минатото и условите кои овозможиле да се создаде постоечкото статус-кво. Овој дел ќе понуди и компаративна анализа на законското уредување на синдикатите во минатото и денес. Вториот дел се осврнува на сегашната состојба на статус-квото при која само синдикатите на повисоко ниво имаат правен субјективитет, како што во моментов предвидува Законот за работните односи. Новите предложени законски решенија што на сите синдикати би им доделиле својство на правно лице, се анализирани во третиот дел, во кој авторите ќе понудат аргументи за оспорување на статус-квото. На крајот, трудот дава заклучни согледувања, со конкретни препораки за тоа дали секој синдикат треба да има статус на правно лице и свој правен субјективитет.

# КОН СТАТУС-КВОТО НА СИНДИКАЛИЗМОТ

## МАКЕДОНСКАТА СИНДИКАЛНА ЕВОЛУЦИЈА

Македонските железничари кои во пролетта 1900 година на пругата Велес-Демир Капија штрајкувале за повисоки надници и скратување на предолгото работно време, го пуштиле најверојатно првиот здружен крик на организираните македонски работници.[40] Масовниот прекин на работа, организиран од месната социјалистичка организација од Велес на железничките линии Солун-Скопје-Приштина,[41] траел два дена и целосно го оневозможил патничкиот и товарниот сообраќај на делницата Солун-Скопје.[42] Претежно младите штрајкувачи успеале во своите барања, а овој пример понатаму ги поттикнал скопските рудари,[43] струмичките шивачки,[44] дебарските преработувачи на тутун,[45] битолските чевлар(к)и и другите работници ширум градовите да штрајкуваат за подобри работни услови.[46]

Кон крајот на 1908 и почетокот на 1909 година се создаваат првите

40 Ивановски, Тодоровски, Лазаров, Петковски, Јанев и Димитриевски, Историја на синдикалното движење во Македонија (Сојуз на синдикатите на Македонија 2008).
41 Податок потврден од документи поврзани со работничкото организирање во Македонија, достапни во Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", датум на проверка: 3.7.2020 година.
42 Иван Катарџиев, Иван Мазов и Славко Мандически, Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1962).
43 Орде Ивановски, Миле Тодоровски, Лазар Лазаров, Борислав Петковски, Јован Јанев и Марјан Димитриевски, Историја на синдикалното движење во Македонија (Сојуз на синдикатите на Македонија 2008).
44 Орде Иваноски, Работничкото синдикално движење во Македонија до 1918 година (Комунист, 1985).
45 Орде Иваноски, Работничкото синдикално движење во Македонија до 1918 година (Комунист, 1985).
46 Сите наведени групи работници организирале свои штрајкови во периодот кон крајот на 19. и почетокот на 20. век. Податоците се потврдени од документи поврзани со работничкото организирање во Македонија, достапни во Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", датум на проверка: 3.7.2020 година.

легални македонски синдикални организации, меѓу кои и мешовитиот синдикат во Скопје, каде што членувале работници од различни етнички заедници.[47] Еден од најголемите успеси на овие работнички синдикати е првата прослава на празникот на трудот,[48] Први мај, во 1909 година и воспоставувањето на практиката за годишно одбележување на овој ден.[49] Со оглед на тоа што работничката класа тогаш ја сочинувале пролетеризираното селанство,[50] калфите,[51] еснафските и малобројните индустриски работници,[52] немилосрдната експлоатација била главен мотив за синдикално организирање.

Во периодот помеѓу двете светски војни, од 1919 до 1939 година, работничкото движење, во согласност со општествените и политичките промени, добило нов развоен тек.[53] Ширењето на синдикалното движење се одвивало под непосредно раководство на социјалистите и произлегувало од основањето на партиските организации, односно обединувањето на работничките движења на југословенските народи во единствена политичка партија и класен синдикат. Дефинирачки момент за работничкото движење во тој период е донесувањето на диктаторската уредба „Обзнана" во кралска Југославија,[54] која била основа за пресметки со политички неистомисленици и притоа забранила секакво работничко и синдикално организирање.[55] Пред уредбата, синдикатите во кралството функционирале во единствена организација под името Централно радничко синдикално веће Југославије (ЦРСВЈ), формализирана на првиот конгрес на Социјалистичката работничка партија на Југославија од 22 до 23 април 1919 година.[56] Во ЦРСВЈ членувале над 200 000 работници и синдикатот бил под значителна контрола на партијата, покрај силни комунистички фракции, но уредбата ја забранила и криминализирала активноста на синдикатот и на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Уредбата била донесена во декември 1920 година и ги укинала колективните договори, ги намалила надниците на работниците за третина и го продолжила дневното работно време на десет и повеќе часа.[57]

Сето тоа било причина за масовно организирање штрајкови и истакнување барања поврзани со работното време, надниците, колективните договори, условите за работа и експлоатацијата од страна на работодавачите. Во периодот по уредбата, на подрачјето на Македонија главно дејствувале подружниците на две синдикални организации. Тоа биле независните работнички синдикати на Југославија (НСЈ),[58] што поради повторна забрана затоа што биле под влијание на КПЈ, во 1925 година се пререгистрираат во УРСОВИ синдикати, како и сојузот на работничките синдикати на Југославија (СРСЈ).[59] Покрај тоа

47 Орде Ивановски, Миле Тодоровски, Лазар Лазаров, Борислав Петковски, Јован Јанев и Марјан Димитриевски, Историја на синдикалното движење во Македонија (Сојуз на синдикатите на Македонија 2008).
48 До 1908 година македонските работници немале право на синдикално организирање и легално дејствување. Штрајковите биле забранети, а штрајкувачите прогонувани и казнувани.
49 Податок потврден од документи поврзани со работничкото организирање во Македонија, достапни во Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", датум на проверка: 3.7.2020 година.
50 Селани кои најчесто биле земјоделци.
51 Трговци помошници и занаетчии.
52 Најчесто мајстори кои работеле со алат.
53 Орде Ивановски, Миле Тодоровски, Лазар Лазаров, Борислав Петковски, Јован Јанев и Марјан Димитриевски, Историја на синдикалното движење во Македонија (Сојуз на синдикатите на Македонија 2008).
54 Sabrina P. Ramet, *The Three Yugoslavias: State-Building and Legitimation, 1918-2005* (Woodrow Wilson Center Press; Indiana University Press 2006).
55 Властите стравувале дека во тогашната политичка ситуација, протестни акции на работниците претставувале опасност која можела да прерасне во отворен судир во кралството.
56 Fred Singleton, *A Short History of the Yugoslav Peoples* (Cambridge University Press 1985).
57 Sabrina P. Ramet, *The Three Yugoslavias: State-Building and Legitimation, 1918-2005* (Woodrow Wilson Center Press; Indiana University Press 2006).
58 Овој синдикат е основан на 27.12.1921 година како МСО (Међусавезни синдикални одбор) од 12 струкови синдикати што биле активни пред забраната во 1920 година под името ЦРСВЈ (Централно радничко синдикално веће Југославије). Синдикатот бил револуционерен и комунистички по природа.
59 Основан во 1922 година од страна на централните и реформистички социјалисти.

што за тие години биле својствени забраните на синдикатите, на пример шестојануарската диктатура од 1929 до 1931 година или забраните на Владата на Цветковиќ-Мачек во 1940 година, во периодот помеѓу двете светски војни, територијата на денешна Македонија речиси постојано била покриена со мрежа на синдикални организации. Индустријата била главно неразвиена, но најдобро биле организирани металците и железничарките, келнерите, шивачките и дрводелците.[60]

Сепак, синдикатите главно биле немоќни да се спротивстават на општественото стопанско ограбување и експлоатација на работниците преку купонскиот и спахискиот систем во тој период. Оттука, сосема е природно тоа што голем дел од работниците решението на општествените, вклучително и работничките, неправди го гледале во повикот на КПЈ за стапување во партизанските одреди во 1941 година. Најголемиот број припадници на партизанските одреди од Македонија биле металци, електричарки, шивачки и дрводелци, па не изненадува фактот што едни од најголемите македонски имиња, во денешна смисла на зборот, биле синдикални лидери. Вера Ацева, Цветан Димов, Орце Николов, Бајрам Шабани и Раде Јовчевски-Корчагин се познати како партизани, но пред војната биле организатори на штрајкови и борци за социјална правда.

По Втората светска војна, во декември 1944 година во Скопје била одржана Првата официјална конференција на претставници на работничката класа, а во јануари 1945 година бил одржан општ работнички митинг. Во Македонија се формирал Акционен синдикален одбор, а во сите градови се формирале месни одбори, што ги организирале работниците во свои струкови сојузи. Синдикатите неоспорно биле вклучени во обновата на земјата и активно учествувале во донесувањето и спроведувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација[61] и Законот за национализација.[62] Со овие закони биле укинати феудалните остатоци во земјоделското стопанство и земјата им била доделена на селаните кои ја обработувале. Ова е само една епизода од богатата ризница на синдикална историја во периодот од 1944 до 1991 година, кога Македонија, како дел од СФР Југославија, имала развиено работничко движење и работничката класа го сметала тој период за пресвртница затоа што бил воспоставен самоуправниот систем.

Ваквиот успех на работничкото движење во 20 век целосно се деградира во постсоцијалистичката транзиција, во која стотици илјади работници потонаа во длабока сиромаштија за сметка на малку олигарси, кои станаа мултимилионери. Периодот од осумдесеттите до двеилјадитите години во Македонија не може да се окарактеризира со ништо друго освен со масивно работничко незадоволство и штрајковите и протестите на претпријатијата-загубари во 2002 година се едни од најорганизираните и најрадикалните работнички собири во Македонија. Со почнувањето на процесот на приватизација, транзицијата на општествените односи и развојот на политичкиот плурализам, почнала и трансформацијата на македонскиот комунистички синдикат - Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ). Во 1990 година се одржал 13. Конгрес на ССМ, на кој била потврдена потребата од изградба на синдикат што ќе одговори на новото општество и на својот Четиринаесетти конгрес во 1993 година, ССМ ја етаблира својата автономна и независна позиција, што дополнително ја зацврстува на Петнаесеттиот конгрес одржан во 1997 година. Статутите и програмите усвоени на овие конгреси ги промовираат ССМ и неговите здружени синдикати како независни, невладини, непартиски организации на работниците

60 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017).

61 Закон за аграрна реформа и колонизација („Службен весник на Народна Република Македонија“ бр. 3/1946) донесен на 09.02.1946 година, во сила од 17.03.1946 година.

62 Закон за национализација („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија бр. 98/II), донесен на 05.12.1946 година, во сила од 06.12.1946 година.

заради остварување и заштита на нивните социјални, економски и културни права.[63]

## ИСТОРИСКА КОМПАРАТИВНА ПРОЦЕНКА НА СИНДИКАЛНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Последните 120 години во кои е документирано македонското работничко движење, даваат добар опис на слабите и силните страни на нашето колективно организирање. Транзицијата е несомнено една од главните причини за лошата состојба со работничките права денес затоа што целосно го порази работничкото движење во Македонија, но неизбежно е дека и историски синдикалната традиција побавно се развивала поради ниската индустријализација. На пример, европските синдикати,[64] како синдикатот формиран во 1818 година од работниците задолжени за машините за вртење памук во Манчестер, Англија,[65] поради ужасните услови и ниските плати, предничат речиси еден век пред македонскиот синдикализам. Покрај овие разлики, како и различните општествени потреби создадени од поминувањето на два века оттогаш,[66] основната премиса за здружување на работниците останува иста и денес, како во Велика Британија, така и во Македонија.[67] Постоењето на синдикатите се јавува директно од потребата на работниците да бидат организирани, единствени и солидарни во борбата за своите работнички права.[68] Таа потреба е основата на постоењето, без разлика дали станува збор за проблеми поврзани со наемнината и работното време,[69] со колективното договарање како најголемо достигнување на синдикалната борба или кои било други работни и животни услови што ги засегаат работниците.[70]

Оттука, синдикатите во Македонија основата за своето постоење ја црпат од Уставот.[71] Највисокиот правен акт на граѓаните им ја гарантира слободата на здружување заради остварување на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.[72] Оваа определба е потоа конкретизирана во член 37 од Уставот, каде што е уредено дека граѓаните имаат право да основаат синдикати заради остварување на своите економски и социјални права, а експлицитно е наведено и дека синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации.[73]

63 Томе Георгиевски, Современи синдикати – Правно политички основи и дејствување (2000) 8.

64 Синдикати што ги опфаќале сите гранки на трудот, без оглед на вештините или професијата, постоеле во одреден период, во повеќето индустриски земји. Во Британија, каде што тие играле поголема улога во современото синдикално организирање отколку во кое било друго место, се воспоставени уште во 19 век. Види Eric J. Hobsbawm, *Labouring men: Studies in the History of Labour* (first published 1964, Anchor Books 1967) 211. Британскиот синдикализам го достигнува својот врв во периодот од 1950 до 1975 година, што Хобсбаум го нарекува „Златна ера“. Види Eric J. Hobsbawm, *Age of Extremes: The Short Twentieth Century 1941-1991* (first published 1994, Abacus Books 1995) 257-286.

65 Robert G. Hall, “Tyranny, Work and Politics: The 1818 Strike Wave in the English Cotton District” (1989) 34 International Review of Social History 433, 433.

66 Како во однос на секојдневното живеење, така и во поглед на синдикалното организирање и потребите на работниците и работодавачите. Повеќе објаснето во Gregor Gall, *The International Handbook of Labour Unions: Responses to Neo-Liberalism* (Elgar 2011) 84-89.

67 Детално објаснето во Doellgast VL, Lillie N and Pulignano V, *Reconstructing Solidarity: Labour Unions, Precarious Work, and the Politics of Institutional Change in Europe* (First edition, Oxford University Press 2018) 83-100.

68 Michael Yates, *Why Unions Matter* (2nd ed, Monthly Review Press 2009) 31-37.

69 Michael Yates, *Why Unions Matter* (2nd ed, Monthly Review Press 2009) 47-52.

70 Томе Георгиевски, Современи синдикати – Правно политички основи и дејствување (2000) 15.

71 Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991).

72 Устав на Република Македонија, член 20 став 1.

73 Устав на Република Македонија, член 37 став 1.

Во минатото, позицијата на синдикатите поконкретно ја уредувал првиот Закон за работните односи од 1993 година,[74] што посветувал осум членови на синдикалното организирање, но не го споменувал изречно правниот легитимитет на синдикатот. Затоа, правната основа за остварување на заштитната функција на сојузите на синдикати, гранските синдикати и регионалните синдикални организации произлегувале од одредбите во член 134,[75] како и член 137 од Законот,[76] но и од Упатството за постапување по барањата на членовите на синдикатите за давање на правна заштита.[77] Така, заради остварување на своите права од работен однос, членовите на синдикатите имале право да бараат правна заштита од Сојузот на синдикатите на Македонија. Правната заштита подразбирала давање правни совети, стручни одговори и појаснувања, составување поднесоци и застапување пред органите на управување во претпријатијата, установите и другите работодавачи и пред правосудните и инспекциските органи. На овој начин, синдикатот во практика ја остварувал својата надлежност и одговорност за зајакнување на правната положба на работниците, што теоретски произлегувала од имплицитниот правен субјективитет.

## ПРАВНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА СИНДИКАТИТЕ ДЕНЕС

Во 2005 година е донесен нов Закон за работните односи (ЗРО),[78] што сè уште е на сила. Овој Закон денес предвидува дека само синдикатот на повисоко ниво стекнува својство на правно лице со денот на упис во Централниот регистар, по претходно запишување во регистарот на синдикати.[79] Регистарот на синдикати го води Министерството за труд и социјална политика[80] и според последните податоци од 31.03.2021 година, Регистарот брои 65 регистрирани синдикати.[81]

При ваква уреденост, „пониските" синдикати не можат да располагаат со сопствена трансакциска сметка и печат и не можат да настапуваат во правниот промет како правно лице.[82] Синдикатот во ситуација на немање правен субјективитет е спречен директно, како правно лице, да поднесе тужба до надлежниот суд. Активната легитимација за поднесување тужба во ваквиот случај преоѓа на синдикатот на повисоко ниво, во чиишто рамки е здружен „пониският"

74 Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија бр. 80/93 од 30.12.1993 година).

75 Закон за работните односи (1993), член 134: Во остварувањето на поединечните права од работниот однос, работникот има право да бара заштита кај работодавецот, пред надлежниот суд, синдикатот, инспекциските органи и други органи, во согласност со закон.

76 Закон за работните односи (1993), член 137: Надлежниот орган е должен, пред донесувањето на одлуката по барањето, односно по приговорот на работникот, да побара мислење од синдикатот во кој членува работникот и задолжително да го разгледува и за него да се изјасни, ако синдикатот доставил мислење.

77 Томе Георгиевски, Современи синдикати – Правно политички основи и дејствување (2000) 112-117.

78 Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19).

79 Закон за работните односи, член 189.

80 Закон за работните односи, член 190 став 1.

81 Регистарот на синдикати е достапен на интернет-страницата на Министерството за труд и социјална политика, <http://www.mtsp.gov.mk/registri.nspx> последно пристапено на 18.03.2020 година.

82 Ова е од посебно значење при остварувањето на судската заштита на правото на здружување на синдикатите.

синдикат.[83] Оттука, уредувањето на одредбите за синдикатите, слободата на здружувањето во работните односи и рамката под која се одвива процесот на колективното договарање и штрајкот, е од неизмерна важност. Имајќи ги предвид околностите во кои се подготвува овој труд - момент кога се интензивира изработката на новиот Закон за работните односи и тој наскоро треба да се најде во Собранието - ова е добра прилика да се разговара за овие прашања.

Работничките права почнуваат, а многу често и завршуваат, во рамките на работното место. Работничкото, односно синдикалното организирање е секогаш условено од општествено-економските и социјалните околности на даденото општество.[84] Колективното договарање, правната заштита на работниците и штрајкот се активности што ја отсликуваат стратегијата на современото синдикално организирање.[85] Овој труд се фокусира на улогата на синдикатите во работните односи, со акцент на правната заштита на работничките права, низ призмата на правниот субјективитет на синдикатите. Токму затоа, неопходно е да ги истражиме и да ги прашаме синдикатите што нѐ застапуваат кој е нивниот став за наведеното прашање во однос на тоа дали секој синдикат треба да има статус на правно лице и свој правен субјективитет.

83 Вилдан Дрпљанин, „Кој и како (ќе) ги организира синдикатите?“ (ResPublica, 2019) <https://respublica.edu.mk/blog/2019-09-11-08-39-41> последно пристапено на 18.3.2020 година.

84 Томе Георгиевски, Современи синдикати – Правно политички основи и дејствување (2000) 18.

85 Томе Георгиевски, Современи синдикати – Правно политички основи и дејствување (2000) 9.

## - ПРВ ДЕЛ -

# ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ САМО ЗА СИНДИКАТОТ НА ПОВИСОКО НИВО



Стапката на синдикално организирање во Македонија изнесува 21,6 отсто,[86] што е речиси близу рамките на глобалниот просек од 23,81 отсто,[87] но значително под просекот на Европската унија од 29,76 отсто.[88] Сепак, доколку се гледа само стапката на синдикално организирање, се добива впечаток дека македонските синдикати не заостануваат во голем степен зад своите регионални и светски содружници.[89] Соодносот е многу полош доколку ситуацијата се погледне од аспект на суштинската работа на синдикатите во државата.[90]

Синдикатите, како заштитен механизам, уживаат најниска доверба помеѓу работничките и работниците и дури 73,8 отсто од членовите,[91] се изјасниле дека воопшто не се задоволни од работата на синдикатите.[92] Најголем дел сметаат дека синдикатите се неефикасни, корумпирани и/или кооптирани со газдите на фабриките.[93]

Индикативно, најголем дел од овие проблеми можат да бидат припишани на правната поставеност на синдикатите, но и директно кон нивната волја и можности да обезбедат соодветна заштита.[94]

Во таа насока, практичната условеност на синдикатите да се здружуваат за да се стекнат со својство на правно лице за да располагаат со сопствена сметка, печат и да може да тужат, претставува меч со две острици.[95] Од една страна, синдикатите се поттикнати да се окрупнуваат и да прават поголеми сојузи, но истовремено струковите синдикати и синдикатите на ниво на работодавач се лишени од многу можности поради немањето статус на правно лице. Ваквата поставеност на ЗРО во овој момент е клучен елемент што ги диктира основите на синдикалното организирање и односите помеѓу синдикатите.

86 Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „*Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија*“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права, 39.
87 ILOSTAT, 'Industrial relations', Summary Reports, <https://bit.ly/2SYvgD3> последен пат пристапено на: 27.3.2020 година.
88 ILOSTAT, 'Industrial relations', Summary Reports, <https://bit.ly/2SYvgD3> последен пат пристапено на: 27.3.2020 година.
89 За подетална анализа види Valerija Botrić, "Structural unemployment and its determinants in Southeast Europe" (2011) Ekonomska misao i praksa (1), 81-100.
90 Како за илустрација добар показател е годишниот приказ за трудот во државата, види Friedrich Ebert Foundation, "Annual review of labour relations and social dialogue" (2018) <http://library.fes.de/pdf-files/bueros/bratislava/15359.pdf> последен пат пристапено на 27.3.2020 година.
91 Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „*Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија*“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права, 41. Истражувањето не опфаќа репрезентативен примерок, но наодите на анализата се доволни индикативни за да се заклучи дека синдикатите не уживаат голема доверба помеѓу работниците.
92 Доколку се додадат „делумно незадоволните“, бројката стига до вртоглави 86,1 отсто.
93 Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „*Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија*“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права, 41.
94 Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „*Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија*“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права, 42-45.
95 Правна дилема стара неколку децении во литературата, види Simpson RC, "The Significance of the Legal Status of Trade Unions in Britain and Australia" (1976) 18 Journal of Industrial Relations 229, 229-242.

## 1.1. МОЖНОСТИТЕ ЗА СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ И БОРБАТА ЗА РАБОТНИЧКИ ПРАВА

Синдикатите на ниво на работодавач, како неформални групи според ЗРО, јасно нагласуваат дека имаат потреба од посебен правен субјективитет за да ја унапредат својата работа.[96] Сепак, дел од синдикатите сметаат дека правниот статус не е воопшто важен, туку дека:

> силата […] на синдикатите не извира од нивниот правен статус ниту од (не)примената на веќе постоечките закони, туку од степенот на спремноста на неговите членови - работниците (или, во случај на сојуз на синдикати на секој од поединечните синдикати-членки) да се организираат и борат заеднички за подобри услови.[97]

Ова го наметнува прашањето како тогаш правниот субјективитет би можел да понуди поголема заштита кога не претставува одговор на главните предизвици со кои се соочуваат синдикатите? Сепак, на експлицитно прашање како правниот субјективитет може да понуди поголема заштита претставникот на конкретниот синдикат на ниво на работодавач наведува дека правниот статус е неопходен поради тоа што ,,синдикатот е посебен политички и организационен идентитет [кој] треба да има својство на правно лице, како што се и останатите типови на организации‘‘.[98]

Во иста линија, другите претставници на синдикатите на ниво на работодавач сметаат дека правниот субјективитет е потребен заради ,,важноста на синдикатот‘‘,[99] како и заради ,,должноста да се постапува по сите законски прописи за финансиско работење и од работен однос‘‘.[100] Очигледно е дека сите три синдикати во однос на нивниот потенцијален правен субјективитет гледаат позитивна промена, но се чини дека не посветуваат доволно внимание на опасностите што можат да произлезат. На пример, отстранувањето на условеноста синдикатите практично да мора да се здружуваат за да се стекнат со својство на правно лице преку повисокиот облик на синдикат може да резултира со разбивање на синдикалното организирање. Доколку синдикатите не мора да се приклучуваат кон постојни синдикати на повисоко ниво за да можат непречено да ја извршуваат својата функција, дали сè уште ќе има потреба од синдикално здружување?

Дополнително, тоа што синдикатите од понизок степен не можат да располагаат со сопствена трансакциска сметка и печат и да настапуваат во правниот промет како правно лице не мора да значи дека нивното работење е попречено. Неоспорно е дека овие предуслови се од посебно значење при остварувањето на судската заштита,[101] но синдикатот како единка е многу покрупен институт и неговите активности се многу

96 Видливо од интервјуата со синдикатите при Ериден ДООЕЛ, ЗК Пелагонија и Македонска пошта Скопје – Подружница Куманово.
97 Работнички синдикат на ЕРИДЕН ДООЕЛ – Битола, претставник: Гораст Муратовски – член на извршен одбор.
98 Видливо од интервјуто со работничкиот синдикат на ЕРИДЕН ДООЕЛ – Битола, претставник: Гораст Муратовски – член на извршен одбор.
99 Видливо од интервјуто со Синдикалниот одбор при ЗК Пелагонија АД – Битола, претставник: Мендо Милевски – Претседател.
100 Видливо од интервјуто со Синдикатот на Македонска пошта Скопје – Подружница Куманово, претставничка: Светлана Божиновска – член на Централен одбор.
101 Од причини што синдикатот во ситуација на немање правен субјективитет е спречен директно како правно лице да поднесе тужба до надлежниот суд.

посеопфатни отколку ,,пуштањето" тужби. Активната легитимација за поднесување тужба според статус-квото преоѓа на синдикатот на повисоко ниво, во чиишто рамки е здружен синдикатот, што значи дека пониските синдикати сѐ уште можат да ја ползуваат таа можност, само преку друг канал. Имајќи предвид дека одговорноста на синдикатите на повисоко ниво е клучна одлика на сегашниот систем, битно е да се согледаат и нивните ставови за да се истражи потребата од потенцијални промени.

## 1.2. ТЕОРЕТСКА ДЕБАТА - СУШТИНСКИ ИМПЛИКАЦИИ

Агро-синдикатот, како пример што е целосно усогласен со еден од своите синдикати на ниво на работодавач,[102] исто така ја истакнува потребата од посебен правен статус за синдикатите.[103] Притоа, синдикатот не навлегува во поконкретно разгледување на позитивните и негативните страни од ваквата промена, туку единствено наведува дека сите синдикати ,,треба" да имаат свој правен субјективитет.[104] Од друга страна, СТКЦ со речиси еднакво краток одговор сосема спротивно, смета дека статус на правно лице треба да имаат само гранковите и општите синдикати, но не и синдикалните организации.[105] Слабата поткрепеност на ваквите дијаметрално спротивни одговори може да значи дека синдикатите не го сметаат ова прашање за особено значајно во однос на нивната улога. Сепак, незаинтересираноста може да се должи и на претежно теоретскиот карактер на оваа дилема и недоволната запознаеност со реалните импликации што евентуалното решение би ги рефлектирало врз заштитата на работничките права.[106]

Синдикатите, како што се СОНК и НАкС, што темелно ѝ пристапуваат на оваа тематика, заземаат сличен став. СОНК смета дека:

> со стекнување на статусот правно лице, мотивот треба да биде уште поголем за здружување на синдикатите на повисоко ниво.[107]

што значи дека Синдикатот не гледа опасност од разбивање на синдикалното организирање.[108] Притоа, СОНК посветува значителен дел од интервјуто на подружниците

102 Синдикалниот одбор при ЗК Пелагонија АД – Битола.
103 Видливо од интервјуто со Агро-синдикатот.
104 Видливо од интервјуто со Агро-синдикатот.
105 Видливо од интервјуто со Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија, претставник: Љупчо Радовски – претседател.
106 Milka Ivanovska, "Organized labor in post-socialist Macedonia: the path to marginalization (1989-1998)" (2014) Central European University, Budapest, Hungary.
107 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, претставник: Јаким Неделков – претседател.
108 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, претставник: Јаким Неделков – претседател.

на синдикатите и (не)регулираноста на нивната работа со Законот за трговските друштва.[109] СОНК смета дека треба:

> да се направи одредена рамка односно граница во однос на правата, но и обврските на подружниците со кои располагаат, како би се заштитиле синдикатите од огромни штети,[110]

со што синдикатите би биле позаштитени. Слично, НАкС наведува дека секој синдикат треба да има својство на правно лице, но додава дека:

> треба да постои и законска можност синдикатот да има свои подружници кај различни работодавачи или не, без тие да имаат својство на правно лице, доколку тоа одговара на дејноста.[111]

Очигледно е дека СОНК и НАкС не стравуваат од „делење" на правниот субјективитет врз повеќе синдикати,[112] но сметаат дека тоа нема да даде целосна заштита од злоупотреби во соодносот на правата и одговорности. Во секој случај, од важност за овој труд е тоа што помеѓу овие гранкови синдикати постои согласност во однос на правниот субјективитет на сите четири видови синдикати. Кон таа согласност се приклучуваат и наодите на ССЕСМ и СПТОМ, што сметаат дека сите синдикати треба да се правни лица за самостојно „...да делуваат, располагаат и одлучуваат за нивните средства..."[113] и дека „... тоа е неопходно за нивно функционирање...".[114]

Покрај тоа што ваквите наоди создаваат првична слика за постоење консензус помеѓу гранковите синдикати во однос на правниот субјективитет, тоа е далеку од вистината. Голем дел од синдикатите, вклучително и двата репрезентативни на државно ниво, сметаат дека расплинувањето на правниот субјективитет нема да донесе ништо добро, туку дека само ќе ја уназади државата. Според нив, решението што обезбедува правен статус на сите синдикати е „веќе видено и не дало никаков плод, само ги оставило работниците без заштита во многу чувствителни моменти". Оттука, вреди да се согледа и оваа страна од приказната за да можеме да извлечеме објективни заклучоци.

---

109 Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18).

110 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, претставник: Јаким Неделков – претседател.

111 Видливо од интервјуто со Независниот академски синдикат, претставник: Елена Цукеска – в.д. претседателка.

112 Според сегашното законодавство, СОНК и НАКС имаат статус на правни лица.

113 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат на работниците за енергетика и стопанство на Македонија, претставник: Роберт Симоноски – претседател.

114 Видливо од интервјуто со Синдикатот на поштенски и телекомуникациски оператори, претставник: Боро Велигденов – претседател.

## 1.3. РИЗИКОТ ОД МОНОПОЛИЗИРАЊЕ НА СИНДИКАЛНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

СКРМ и УПОЗ се едни од гранковите синдикати што се против идејата секој синдикат да има статус на правно лице. СКРМ како главна причина за ваквиот став го наведува фактот што:

> во моментов постои проблем […] во мали институции кои имаат неколкумина вработени и кои сакаат да се членови во еден или друг синдикат.[115]

Според нив, вработените во ваква ситуација кои сакаат да формираат своја синдикална организација, немаат доволно луѓе за да ги пополнат сите предвидени тела во апликацијата за регистрација и остануваат без претставништво.[116] Ова е легитимна забелешка, што може лесно да се надмине со добра законска уреденост и со соодветни услови за синдикатите на различни нивоа. Впрочем, дури и со поинакво законско решение во однос на правниот субјективитет, синдикатот на ниво на работодавач ќе може да се регистрира, исто како досега со таа разлика што со регистрацијата, би се здобил со посебен правен статус.

Дури и со тоа предвид, УПОЗ смета дека „...моменталното решение на ЗРО во овој поглед е добро и не треба да трпи измени...“.[117] Од УПОЗ сметаат дека искуството пред измените на ЗРО, кога секој синдикат имал статус на посебно правно лице, а со тоа и даночен број и посебна сметка во комерцијалните банки, било мошне негативно. Последица на тоа била ненаменската употреба на средствата од синдикалната членарина од страна на некои синдикати и имало злоупотреби и нерационално трошење.

> [П]о измените на ЗРО од 2012 година […] се води едно сметководство за сите синдикални организации, се има увид во трошењето на средствата на членовите и секоја синдикална организација е должна својата завршна сметка да ја презентира пред членовите, а истото го прави и Синдикатот на повисоко ниво, прво пред Надзорниот одбор, а потоа и пред претседателството.118

Загриженоста на УПОЗ е оправдана и од аспект на потенцијалното влијание што можат да го вршат бизнисмените при изборот на претставникот на синдикатот на ниво на работодавач, а со тоа и во повисоките синдикати. Сепак, ниту во сегашното сценарио не е исклучена можноста за влијание во изборот на претставниците на синдикатите на најниско, па сè до највисоко ниво, но се чини дека УПОЗ успеале да задржат одреден баланс со нивното решение.

---

115 Видливо од интервјуто со Синдикат на културата на Република Македонија, претставник: Гоце Павловски – генерален секретар.
116 Видливо од интервјуто со Синдикат на културата на Република Македонија, претставник: Гоце Павловски – генерален секретар.
117 Видливо од интервјуто со Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија, претставник: Трпе Деаноски – генерален секретар.
118 Видливо од интервјуто со Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија, претставник: Трпе Деаноски – генерален секретар.

[И] со сегашната законска регулатива синдикатите имаат одреден правен субјективитет. Во Синдикатот на УПОЗ сите синдикални организации имаат сопствена сметка во комерцијалните банки, самостојно ги избираат своите претставници, имаат сопствен печат и можат да преговараат со работодавачот во своите институции за сите прашања.119

Конечно, во однос на ова прашање постои согласност барем помеѓу двата најголеми синдикати во државата, репрезентативните ССМ и КСС. Двата синдикати ја застапуваат идејата за правен субјективитет само на синдикатите на повисоко ниво. Според ССМ, какво било поинакво решение носи опасност од:

разнебитување на синдикалното движење и користење на синдикатите од страна на работодавачите за остварување на нивните интереси, а не за улогата која синдикатите ја имаат.120

ССМ сметаат дека доколку и синдикалните организации во компаниите имаат својство на правно лице, ќе се изгуби секаква мотивација за здружување, синдикатите ќе се раситнат, ќе се намали нивната преговарачка моќ, а може да се доведе во прашање и развојот на социјалниот дијалог и колективното договарање во државата. Според нив:

здружувањето е моќта на синдикатите и секој кој заговара спротивно, работи директно на штета на синдикатите и на нивно разнебитување и раситнување на штета исклучиво на работниците.121

Другиот репрезентативен синдикат на општо ниво, КСС, наведува дека не е возможно „...да се контролира работата на сите синдикални организации...“[122] и дека поинакво решение од сегашното ќе биде удар против стабилноста на членството и работата на синдикатите.[123] Јасно посочуваат дека не ја гледаат важноста на правниот субјективитет, кога се битни мотивот и целта за дејствување. Оттука, КСС сметаат дека е важно да се истакне тоа што:

синдикатите имаат својство на правно лице, а синдикалните организации немаат, а во делот на КСС делуваат преку илјада синдикални организации, па замислете како ќе биде дејствувањето на секој поединечно?!124

Според нив, целта заложбите за правен субјективитет на секој синдикат е да се растурат националните синдикати и целосно да се делегитимира социјалниот дијалог и солидарното синдикално дејствување преку вршење на ваков сериозен притисок и наметнување промена на законски решенија.

119 Видливо од интервјуто со Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија, претставник: Трпе Деаноски – генерален секретар.
120 Видливо од интервјуто со Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник: Дарко Димовски – претседател.
121 Видливо од интервјуто со Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник: Дарко Димовски – претседател.
122 Видливо од интервјуто со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, претставник: Благоја Ралповски – претседател.
123 Видливо од интервјуто со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, претставник: Благоја Ралповски – претседател.
124 Видливо од интервјуто со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, претставник: Благоја Ралповски – претседател.

Сегашната поставеност на синдикалното здружување неизбежно содржи сериозни ризици од монополизирање на организирањето и може да ги оддалечи работниците од нивните матични синдикати. Досега, законското решение во практиката резултираше со невидливост на синдикатите без правен субјективитет и со многубројни проблеми за синдикатите на повисоко ниво во поглед на консултирање и ангажирање на членството.[125] Сепак, не може со сигурност да се посочи дали правниот субјективитет е главната причина за ваквата ситуација или едноставно последица на други проблеми. Синдикатите не настапија во улогата на заштитници на работниците ниту при изработката на новиот ЗРО, вклучително и одредбите за уредување на слободата на здружувањето и не успеаја соодветно да ги информираат оние што ги застапуваат што преземаат за наведеното прашање. Точно е дека промената на правниот субјективитет на синдикатите може да донесе потенцијални нови проблеми и слабости на краток рок, но со оглед на степенот до кој е влошена состојбата на работниците во државата, мора да се согледа и тоа решение за да се направи соодветна споредба.

125 Вилдан Дрпљанин, „Кој и како (ќе) ги организира синдикатите?“ (ResPublica, 2019) <https://respublica.edu.mk/blog/2019-09-11-08-39-41> последно пристапено на 18.3.2020 година.



## - ВТОР ДЕЛ -

# ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ ЗА СИТЕ СИНДИКАТИ

Поставеноста на синдикалното организирање низ призмата на сегашниот ЗРО и „негувањето“ на статус-квото е детално разработено во првиот дел од овој труд. Во моментов, сè она што се однесува на синдикатите, организациите на работодавачите, колективното договарање и штрајкот е сместено во Законот за работните односи.[126] Својството на правно лице е „резервирано“ само за синдикатите на повисоко ниво.

Изработката на новиот Закон за работните односи со себе го повлече и прашањето за најцелисходно регулирање на оваа материја. Предложеното законско решение што најверојатно повторно ќе го најде своето место во ЗРО, е дека сите синдикати, без исклучок, ќе стекнуваат својство на правно лице со моментот на упис во соодветниот регистар. Ова законско решение предизвика бурни спротивставувања од репрезентативните синдикати и синдикатите на повисоко ниво. На пример, доколку работниците во некоја фирма одлучат да основаат синдикат, тој ќе стекне својство на правно лице со моментот на упис во Централниот регистар. Токму поради тоа, овој дел од истражувачкиот труд, преку анализа на одговорите на испитаниците од остварените интервјуа, ќе го оспори статус-квото. Одговорот на прашањето за основната функција на синдикатите ќе нè доведе до вториот одговор по кој трага овој труд, односно ќе одговори на дилемата дали сите синдикати треба да имаат правен субјективитет. Овој дел ќе покаже дека уживањето својство на правно лице за сите синдикати води кон зајакнување на суштинското синдикално организирање, наспроти чисто формалното.

126 Глава XVIII, XIX и XX од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19).

## 2.1 (НЕ)МОЖНОСТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ФУНКЦИЈА НА СИНДИКАТИТЕ

Уставно загарантираното право на работниците да основаат и да се здружуваат во синдикати заради остварување на своите економски и социјални права е преточено во Законот за работните односи, а потоа и во статутите на сите основани синдикати. Ова право дополнително го нагласува Меѓународната организација на трудот што гарантира дека работниците и работодавачите, без каква било разлика и без претходно одобрување, имаат право да основаат и да пристапуваат во организации според сопствен избор.[127] МОТ нагласува дека добивањето на правен статус на организациите на работниците и работодавачите, федерациите и конфедерациите, не смее да биде предмет на услови со кои се ограничува слободата на здружување.[128]

Во обид да се најде најсоодветното решение за правниот субјективитет, ги предизвикавме синдикатите што нè застапуваат, повторно да ја преиспитаат основната функција поради која се основани. Од спроведените интервјуа со 17 синдикати во Македонија, дури 13 синдикати како основна функција на синдикатите експлицитно ја наведуваат заштитата на работничките права. Преостанатите три синдикати дадоа поразлични, но суштински слични одговори на наведеното, додека, пак, од ССЗФСЗ сметаат дека основната функција на синдикатот е колективното преговарање.[129] Во ситуација каде што поголемиот дел од испитаниците се согласни дека основната функција на синдикатот е заштита на работничките права, неизбежно се појави дилемата како „пониските" синдикати, во отсуство на правен субјективитет, би можеле ефективно да ги заштитат своите членови. Од СОНК ни го претставија сценариото во кое еден синдикат не ужива својство на правно лице и не може да настапи самостојно во правниот промет. СОНК потврдува дека во отсуство на правен субјективитет синдикатите „не би можеле (...) да ја извршуваат својата мисија заради која се основани".[130] Од НАкС велат дека работниците имаат потреба од синдикална заштита и на ниво на работодавач и на ниво на гранка и дополнуваат дека е важно да се овозможи синдикалното здружување да биде функционално и на двете нивоа.[131]

Функционалната синдикална заштита, во практиката, тешко се остварува кога синдикатите на ниво на работодавач немаат правен субјективитет. Нефункционалната синдикална заштита кога синдикатите се соочуваат со предизвик при заштитата на работничките права, ќе биде претставена преку конкретен пример подолу во текстот во контекст на случувањата што го затекнаа изготвувањето на овој труд.

По појавата на неколку случаи на пациенти дијагностицирани со COVID-19, на десетти март 2020 година, Владата на Република Северна Македонија донесе неколку мерки и препораки за заштита и превенција од коронавирусот. Со првата мерка се прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и основни училишта. Истовремено, Владата одлучи дека за спроведување на оваа мерка, еден од родителите

127 Меѓународна организација на трудот, Конвенција број 87 за слободата на здружување и заштита на правото на организирање, од 1948 (член 2).
128 Меѓународна организација на трудот, Конвенција број 87 за слободата на здружување и заштита на правото на организирање, од 1948 (член 7).
129 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија.
130 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, претставник: Јаким Неделков – претседател.
131 Видливо од интервјуто со Независниот академски синдикат, претставник: Елена Цукеска – в.д. Претседателка.

чиишто деца до десетгодишна возраст посетуваат настава во градинка или основно училиште, ќе бидат ослободени од обврската да ги извршуваат работните задачи. Веднаш потоа беа утврдени и категориите на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности, поради одредени здравствени состојби. На 11 март 2020 година, Светската здравствена организација прогласи пандемија поради болеста COVID-19. На 14 март, Владата им препорача на сите работодавачи во државата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја организираат работата преку институтот „работа од дома". На 18 март 2020 година, Македонија прогласи вонредна состојба на територијата на целата држава.

Во својот месечен извештај за март, Хелсиншкиот комитет за човекови права забележува дека работодавачите, злоупотребувајќи ја прогласената вонредна состојба заради справување со коронавирусот, почнале масовно да им ги откажуваат договорите за вработување на цели групи работници, а онаму каде што можеле, влијаеле врз нив за спогодбено престанување на работниот однос.[132] Агенцијата за вработување брои 43 086 лица кои останале без работа по започнувањето на кризата во март 2020 година.[133] Во првите четири месеци од кризата, од мај до јуни 2020 година,[134] Хелсиншкиот комитет регистрирал 182 пријави за прекршувања на работничките права што опфатиле приближно 2 708 работници. Од нив, 90 пријави од регистрираните податоци се однесувале на: отпуштања на работници (43), принудно спогодбено престанување на работниот однос (36), непродолжување на договорите на определено време (10) и непродолжување на договорите на определено време на бремените работнички (4).[135] Државниот инспекторат за труд во периодот од 11 до 31 март регистрирал вкупно 1454 пријави од граѓани. Во 830 случаи работниците побарале информации во врска со воведените мерки за заштита и превенција од коронавирусот, а другите 624 пријави се однесувале на непочитување на овие мерки од страна на работодавачите. Од овие 624 пријави, 194 се однесувале за непочитување на правото на платено отсуство на родител со дете до десетгодишна возраст, 148 пријави за отказни решенија, додека другите 282 пријави се по различни основи за прекршувања на работничките права.[136] Во периодот од шести до деветти април, ДИТ регистрирал вкупно 219 пријави од граѓани, од кои 48 пријави се однесувале на непочитување на воведените мерки за заштита и превенција од коронавирусот од страна на работодавачите, а 171 биле од информативен карактер.[137]

Имајќи го сето ова предвид, како и ниската доверба во синдикатите, воопшто не е зачудувачки податокот за огромниот број на пријавени прекршувања во невладините организации и другите механизми за заштита на работничките права, во овој период. Ваквата кризна ситуација и вонредните околности само покажуваат до кој степен е отежнат пристапот на работниците до судска заштита, особено во услови на масовни откажувања на договорите за вработување, во случај кога работниците не можат да се потпрат на синдикатите што им се „најблиски".

---

132 Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија март 2020" (2020) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedonija-mart-2020/> последно пристапено на 19.04.2020 година.

133 Агенција за вработување на Република Северна Македонија. „Преглед на податоци за прилив и одлив на невработени лица" (2021) <https://av.gov.mk/pregled-na-podatoci-za-priliv-i-odliv-na-nevraboteni-lica.nspx> последно пристапено на 03.05.2021 година.

134 Податоците се однесуваат на периодот од воведувањето на првата мерка на Владата за заштита и превенција од коронавирусот на 10 март до 31 мај.

135 Хелсиншкиот комитет за човекови права ги прикажа работничките права во време на коронавирусот преку пет двонеделни инфографици: <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot/>, <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-3> <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-3/> <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-4-2/>, <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-5-2/> и <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-6/>, последно пристапено на 15.6.2020 година.

136 Државен инспекторат за труд, „Извештај корона вирус – 15131 и веб страна од 11.03 до 31.03.2020" (2020) <http://dit.gov.mk/?p=5522> последно пристапено на 23.04.2020 година.

137 Државен инспекторат за труд, „Извештај пријави од 06 до 09.04.2020" (2020) <https://dit.gov.mk/?p=5671> последно пристапено на 04.05.2020 година.

Доколку работниците имаа пристап и можеа да ја остварат примарната правна заштита со помош од своите матични синдикати, што им се најблиску, податоците од другите заштитници на работничките права ќе прикажеа многу помал број пријави на прекршувања. Во недостаток на правен субјективитет, синдикатите на ниво на работодавач не можат директно и непосредно да ги заштитат работничките права на своите членови. Тоа значи дека синдикатите што немаат својство на правно лице не успеваат да ја остварат својата основна функција - заштитата на работничките права во „нормални", а уште помалку во вонредни услови.

## 2.2 ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ КАКО ОСНОВА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ

Согласно националното законодавство, меѓународните стандарди за заштита на работничките права се третираат како стандарди за заштита на човековите права.[138] Токму во дискурсот за заштита на работничките како човекови права, на виделина излегува асиметричната моќ помеѓу синдикатите на повисоко ниво и „пониските" синдикати. Во недостаток на правен субјективитет на сите синдикати, на работниците им е оневозможено да ги користат сите механизми и можни начини за заштита на своите права, што на овој начин дополнително се ставаат во опасност. Во вакви услови, синдикатите се третираат како проблем, наместо како решение и целосно се занемарува улогата што тие ја имаат како заштитен механизам на работниците.

Еден таков пример е и фабриката „Фени Индустри" во Кавадарци, каде што во периодот по нејзиното приватизирање до 2017 година, се случувале груби прекршувања на работничките права, меѓу кои и доцнење со исплата и намалување на платите. Податоците од едно истражување говорат дека во оваа фабрика била формирана синдикална организација како дел од гранковиот Синдикат на индустрија, енергетика и рударство.[139] Во услови на кршење на работничките права и во отсуство на поддршка од гранковиот синдикат, синдикалците од синдикалната организација што се обиделе да преземат конкретни активности, се нашле во ранлива и немоќна позиција наспроти работодавачот. Еден од овие синдикалци презел активности за прекин на работниот процес, откако работниците јасно изразиле волја за тоа во претходно спроведена анонимна анкета. Сметајќи дека се соочува со закана, работодавачот спровел дисциплинска постапка против овој работник, вршејќи му притисок да се откаже од какви било синдикални активности.[140] Ова е само уште една потврда на тврдењето дека работникот и синдикатот на пониско ниво, кои не наоѓаат поддршка и заштита од гранковиот синдикат, се ставени во многу неповолна положба.

Во уште еден случај, синдикална организација останала без поддршка од СИЕР при остварување на правото на штрајк од страна на синдикални работници во МЗТ Леарница. Претседателот на синдикалната организација во МЗТ Леарница побарал поддршка за организирање штрајк од матичниот СИЕР. Дури по петмесечно одолговлекување, гранковиот

138 George Politakis and International Labour Office (eds), *Protecting Labour Rights as Human Rights: Present and Future of International Supervision; Proceedings of the International Colloquium on the 80th Anniversary of the ILO Committee of Experts on the Application of Conventions and Recommendations, Geneva, 24-25 November 2006* (International Labour Office 2007), 229.
139 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017). Страна 54-55.
140 Ibid.

синдикат им дал поддршка на 16 лица од едно одделение на МЗТ Леарница за организирање штрајк, прекинување на производството и искажување на револтот поради неплатените плати во период од една година.[141] Штрајкот резултирал со прифаќање на дел од барањата на работниците за потпишување спогодба, изменување на договорите за вработување, исплаќање на нивните плати и регресот за годишен одмор. Документите за реализирање на овие активности биле изготвени од СИЕР, но содржеле непрецизно дефинирани одредби. Претседателот на синдикалната организација сметал дека така поставената спогодба е штетна за работниците, не ја потпишал и поради тоа веднаш ја изгубил поддршката од гранковиот синдикат. Во меѓувреме, бил отворен стечај на МЗТ Леарница, а работниците не успеале да си ги наплатат своите побарувања како доверители.[142]




Слика број 2 - Протести пред Собранието од страна на работниците во МЗТ Леарница.[143]

Со оглед на тоа што во една гранка различни синдикати имаат различни барања, потребно е да се разгледа организациската поставеност на гранковите синдикати. На пример, во моментов Синдикатот на образованието, науката и културата нема автономна секторска претставеност, туку мултисекторска и регионална, каде што доминантно се застапени наставници и други работници од образованието. Така, проблемите и прашањата специфични, на пример, за театарските работници, не се соодветно претставени во гранковиот синдикат.[144] Заради зајакнување на синдикатите на пониско ниво и афирмирање на нивната положба надвор од поширокатa „гранкова“ слика, потребно е сите синдикати да уживаат правен субјективитет. При такви услови, независните синдикални организации ќе се одделат од традиционалните гранкови синдикати со кои не делат иста проблематика и каде што нивниот глас останува нечуен.

141 Ibid. Страна 67.
142 Ibid. Страна 68.
143 Сликата е преземена од Facebook страната на Синдикалната организација при МЗТ Леарница.
144 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017). Страна 58.

Досегашните емпириски истражувања за степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права, меѓу кои значајно место имаат синдикатите, покажаа дека работниците се незадоволни од нивното работење. Дури 9,5 проценти од штипските работници кои учествувале во фокус-група за задоволство од работата на синдикатите, одговориле дека воопшто не се задоволни од нивната работа.[145] Останатите штипски работници проблемот го лоцираат во тоа што фабриките во кои работат тие воопшто немаат синдикат. Меѓутоа, дури и тогаш кога е основан синдикат, работниците велат дека синдикалните претставници се поблиски до работодавачите, а кон овој заклучок се приклучуваат и сведочењата на битолските работници. Во истото истражување, 78,1 отсто од испитаните битолски работници одговориле дека се целосно незадоволни од работата на синдикатите. Тие истакнуваат пример каде што синдикален претставник го советувал работодавачот како да ја избегне својата обврска да исплати регрес за годишен одмор (К-15) во еден угостителски објект во Битола.[146]

Оттука, најголем дел од синдикатите што ги интервјуиравме, решението на овој проблем го наоѓаат токму во можноста за доделување правен субјективитет на синдикатите на ниво на работодавач. Четири од испитаните синдикати одговорија дека истовремено со стекнување на својството на правно лице, синдикатите ќе стекнат и поголема одговорност кон своите членови. Правниот субјективитет, според испитаниците, ќе донесе поголема транспарентност во работењето на синдикатите на ниво на работодавач. Во таков случај, синдикатите ќе „сносат правна одговорност во случај на непочитувања на обврските кон законите и членовите“.[147] За НАкС, „правниот субјективитет мора да биде основата на функционирањето на секој синдикат“[148] што ќе придонесе кон зголемување на можностите за остварување на интересите на членовите на синдикатот, а истовремено ќе гарантира соодветна контрола на работењето на одговорните лица.[149]

Интересно е да се забележи дека двата најголеми синдикати во државата, репрезентативните ССМ и КСС, покрај тоа што се согласуваат дека основната функција на синдикатите е заштитата на работничките права, еднакво сметаат дека статусот на правно лице е, а и треба да биде, наменет само за синдикатите на повисоко ниво.[150] Дополнително, според ССМ, со стекнувањето правен субјективитет ќе се изгуби мотивацијата на „пониските“ синдикати за здружување, тие ќе се раситнат и тоа би можело да го доведе во прашање развојот на социјалниот дијалог и колективното договарање во државата.[151] Дали навистина мотивот за здружување ќе се изгуби кога сите синдикати би имале правен субјективитет или ова е неоправдан страв на двата најголеми синдикати што настојуваат статус-квото да остане недопрено, останува да се види од одговорите на другите испитаници.

145 Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права, 41.

146 Ibid.

147 Видливо од интервјуто со Независниот синдикат за образование и наука, претставник: Томислав Гиевски – претседател.

148 Видливо од интервјуто со Независниот академски синдикат, претставник: Елена Цукеска – в.д. претседателка.

149 Видливо од интервјуто со Независниот академски синдикат, претставник: Елена Цукеска – в.д. претседателка.

150 Видливо од интервјуто со Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник: Дарко Димовски – претседател и од интервјуто со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, претставник: Благоја Ралповски – претседател.

151 Видливо од интервјуто со Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник: Дарко Димовски – претседател.

## 2.3 МОТИВОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ

За застапниците на статус-квото, кои повеќе се зафатени со политичка дебата и меѓусебно расправање, доделувањето на правен субјективитет и на синдикатите на ниво на работодавач, би значело „удар" за синдикалното здружување.[152] Сепак, овој став на поголемите синдикати може да се разгледува и од друга страна. Би можело да се аргументира дека тие се грижат повеќе за политичката коректност на своите постапки и изјави, отколку што се грижат за потребите и проблемите со кои се соочува еден македонски работник или работничка.[153] Историски гледано, синдикалните дебати што се водат откако започна процесот на приватизација, ретко кога го ставале работникот во својот центар.[154]

Заштитувајќи се себеси, повисоките синдикати се противат на доделувањето правен субјективитет на синдикатите на ниво на работодавач. Во насока на ова тврдење, СПТОМ ни посочува пример од Гранскиот синдикат на работниците од транспорт и врски при ССМ, каде што неосновано биле разрешени синдикални претставници и биле блокирани сметките на неколку синдикални организации, без одобрение од нивното членство.[155] Според нив, кога сите синдикати би уживале својство на правно лице, здружувањето на повисоко ниво ќе добие поинаква димензија затоа што тоа ќе биде „на доброволна основа со искрени намери за заедничко делување и просперитет".[156] Под претпоставка дека посебниот правен субјективитет нема да го ослабне здружувањето, а дека истовремено децентрализацијата ќе ги зголеми учеството и довербата помеѓу работниците, новото решение се чини многу поубедливо од статус-квото.

Според НСОН, со стекнување на правен субјективитет:

> синдикалните претставници [ќе] сносат поголема одговорност кон членовите а воедно ќе се одбегне појавување на синдикати по потреба на некој од политичките центри на моќ.[157]

ССЕСМ дополнително ја потврдува потребата од независност и автономија на сите синдикати. Тие велат дека правниот субјективитет на „пониските" синдикати ќе им гарантира „поголема слобода на делување и размислување без можност да биде извршен упад и [да] бидат уценувани раководствата на послушност и полтронство". Додаваат дека на овој начин ќе се избегнат заканите на кои во моментов подлежат синдикалните претставници, дека ќе бидат заменети со други лица кои не се по „желба на членството".[158]

152 Видливо од интервјуто со Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник: Дарко Димовски – претседател и од интервјуто со Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, претставник: Благоја Ралповски – претседател.
153 Dimitar Apasiev, "Sindikalizam u Republici Makedoniji" (2013) Casopis za politicka, drustvena I kulturna pitanja "Novi Plamen" 18-19/2013, 155.
154 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017).
155 Видливо од интервјуто со Синдикатот на поштенски и телекомуникациски оператори, претставник: Боро Велигденов – претседател.
156 Видливо од интервјуто со Синдикатот на поштенски и телекомуникациски оператори, претставник: Боро Велигденов – претседател.
157 Видливо од интервјуто со Независниот синдикат за образование и наука, претставник: Томислав Гиевски – претседател.
158 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат на работниците за енергетика и стопанство на Македонија, претставник: Роберт Симоноски – претседател.

Според четиринаесет од вкупниот број испитаници, правниот субјективитет нема да влијае негативно на здружувањето на синдикатите на повисоко ниво. Дотолку повеќе, дел од нив сметаат дека ова ќе придонесе кон зајакнување на сојузништвото, солидарноста и борбата на синдикатите кон остварување на заедничките интереси и цели. Еден од нив е и ССЗФСЗ, според кој синдикатите ќе се здружуваат на повисоко ниво:

> таму каде што сметаат дека ќе имаат поголема заштита на своите права. Со ова, гранковите синдикати ќе имаат мотив за поголеми ангажмани за да ги привлечат и задржат членовите во синдикалните организации.[159]

Стравот на двата најголеми синдикати се чини неоправдан поради тоа што мноштвото синдикати велат дека стекнувањето статус на правно лице ќе го зајакне мотивот за здружување на повисоко ниво. Во овој случај, ќе се зацврсти заштитата на работничките права за сметка на разнишаното статус-кво. Останатите два национални синдикати, УНАСМ и КСОМ, го делат мислењето дека сите синдикати треба да имаат свој правен субјективитет.

Унијата на автономни и независни синдикати на Македонија ги сметаат синдикатите на ниво на работодавач како „основна клетка на секој Сојуз, Унија и Конфедерација".[160] Од самото име на овој синдикат се забележува нивната заложба за правен субјективитет за сите синдикати затоа што на тој начин „работниците ќе бидат послободни да се здружуваат самостојно без притисоци и влијанија".[161] На овој начин, синдикатот основан на ниво на работодавач или струка може целосно слободно да донесе одлука да пристапи кон некој од сојузите во кого има доверба. УНАСМ го потврдува нашето претходно тврдење дека сегашната состојба се одликува со огромна партизираност на синдикатите и по партиски клуч се одвива и синдикалното окрупнување и регрутирањето нови членови преку раководните структури. Според нив, борбата за ексклузивитет на правниот субјективитет всушност е борба само за моќ и за парите што се собираат од синдикалните членарини. Инаку, не би постоела пречка за секој мал синдикат да цели кон здружување во сојуз, доколку има доверба во него. Дополнително, со доделувањето на правниот субјективитет на пониските синдикати ќе се поттикне и склучувањето на колективни договори на ниво на работодавач, кои сега ги има многу малку. Неретко се случува и работниците кои ги составуваат колективните договори да трпат мобинг и огромен притисок од претставниците на поголемите синдикати во однос на тоа дека само тие се овластени потписници на колективните договори.

Вака поставеното решение, според УНАСМ, се очекува да придонесе кон формирање непартиски синдикати кои ги застапуваат интересите на сите работници во своите редови без оглед на нивните политички определби, ставови и/или симпатии. Предложената промена за правниот субјективитет има капацитет да го трасира патот кон надминување на главната карактеристика на денешното синдикално организирање, меѓусебната борба за превласт и моќ и враќање на патот кон главната цел заради која се основани синдикатите, односно заштитата на работничките права.

Слично на ова, претседателот на КСОМ смета дека доколку синдикатот на пониско ниво има свој правен субјективитет, во голема мера ќе придонесе за подемократско и

159 Видливо од интервјуто со Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија.

160 Овој став е преземен од рецензијата на трудот направена од Билјана Чкламовска – надворешен соработник на Унијата на автономни и независни синдикати на Македонија.

161 Ibid.

поквалитетно синдикално организирање на работниците. Притоа, „до израз ќе дојдат нови ликови во синдикалното движење ко[и] сега како од субјективни така и од објективни причини не можат да дојдат до израз''.[162] Синдикатот на ниво на работодавач или синдикалната организација со својство на правно лице по сопствено убедување ќе може да носи одлуки во кој синдикат на повисоко ниво ќе се зачлени. Во КСОМ преовладува убедувањето дека измените во делот на правниот субјективитет за кратко време ќе го зајакнат квалитетот на социјалниот дијалог.[163]

Работните односи постојано се менуваат во современиот економски и социополитички контекст, а тие понатаму го менуваат теренот на кој дејствуваат синдикалните здружувања. Гигантските мултинационални корпорации ги преселуваат своите производствени центри во места каде што има евтина работна сила, флексибилни работни односи и олеснителни услови за тргување.[164] Политиките што придонесоа и успешно го одржуваат балансот на ваквата поделба на трудот, резултираат со акумулација на профит во западните мултинационални компании.[165] Ваквата поставеност на овие корпорации што постојано трагаат по евтина работна сила, произведува светски распространет труд што често се соочува со ист мултинационален работодавач.

Дополнително, глобализацијата им наметна нови предизвици на синдикатите, како што се информализацијата и феминизацијата на трудот, миграцијата, губењето на социјалните бенефиции, масовната експлоатација и деиндустријализацијата.[166] Кризата предизвикана од коронавирусот е само почеток на здравствените и еколошките проблеми со кои синдикатите ќе се соочуваат, со оглед на тоа што тие проблеми несомнено влијаат врз работничките права. Сепак, ваквиот развој на настаните како резултат на неолибералната глобализација наиде на отпор токму од страна на синдикатите на пониско ниво во економски развиените држави како Шпанија, Италија, Франција, Германија, Британија и Соединетите Американски Држави. Преку искористување на своето право на штрајк, тие ги отфрлаат новите услови за работа и флексибилизација на трудот наметнати од глобалниот капитал.[167]

Во оваа смисла, потребата од здружување на светско ниво ја спомнува и претставникот на Работничкиот синдикат на ЕРИДЕН ДООЕЛ - Битола. Според овој синдикат на ниво на работодавач:

> голем дел од барањата се заеднички на работниците кои работат во иста гранка/дејност, во истата држава па дури и на глобално ниво. Затоа е [потребно] скалесто здружување на синдикатите на ниво на гранка/дејност, државни синдикати, регионални (кон)федерации на синдикати па дури и светски.[168]

Релативно ослободени од обврската за остварување на заштитата на работничките права директно пред работодавачите и надлежните институции, поголемите сојузи на

162 Овој став е преземен од рецензијата на трудот направена од Марјан Ристески – претседател на Конфедерацијата на синдикални организации на Македонија.
163 Ibid.
164 Andrea Komlosy, *Work: The Last 1,000 Years* (Verso 2018); Cornelia Staritz, Mike Morris, Leonhard Plank, "Clothing Global Value Chains and Sub-Saharan Africa: Global Exports, Regional Dynamics and Industrial Development Outcomes", vol 2016/16 (2016) International Trade Working Paper 2016/16.
165 Сузана Симоновска, Неда Петковска, Годишен зборник *Annuaire, Книга 72* (2019, Филозофски факултет – Скопје), 533-554.
166 Кире Василев, Ана Гулева, *Синдикатите во Македонија* (2017). Страна 33.
167 Ibid. Страна 34-35.
168 Видливо од интервјуто со работничкиот синдикат на ЕРИДЕН ДООЕЛ – Битола, претставник: Гораст Муратовски – член на извршен одбор.

синдикати ќе можат да се насочат кон одговарање на новите предизвици, карактеристични за неолиберализмот. „Ослободената" обврска примарно ќе им припаѓа на синдикатите на ниво на работодавач, кои целосно уживајќи го својот правен субјективитет, ќе можат непречено, автономно и независно да ја остваруваат целта заради која се основани.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Синдикатите, како посакуван прв заштитен механизам, не уживаат доверба и не влеваат надеж помеѓу работниците, но неоспорно е дека функционалното синдикално организирање е единствена долгорочна гаранција за заштита на работничките права. Работничките и работниците кои не се задоволни од работата на синдикатите поради тоа што ги сметаат за неефикасни, корумпирани и/или кооптирани со газдите и партиите, очекуваат и се надеваат да видат промени и размрдување на синдикалната сцена. Значително поместување во таа насока може да понуди решението што предвидува правен субјективитет за секој синдикат, без разлика дали станува збор за синдикат на ниво на работодавач, струков, гранков или општ синдикат. Собраните податоци од интервјуа со претставници на 17 синдикати од сите нивоа понудија многу силна аргументација за ваквата промена. Покрај тоа што опасноста од разбивање на синдикалното организирање, можностите за влијание во изборот на синдикалните претставници, нестабилноста на членството и работата на синдикатите беа наведени како проблеми што би се јавиле при ваквата промена, се занемари фактот дека овие појави се присутни и во статус-квото. Мотивот за здружување на повисоко ниво е најчесто формален, газдите лесно создаваат можности за назначување синдикални претставници и стабилноста на членството и работата на синдикатите се постојано под знак прашалник. Во таква ситуација неопходна е интервенција во самиот корен на проблемот, правниот субјективитет на синдикатите. Впрочем, огромно мнозинство од вкупниот број испитаници, дури четиринаесет синдикати, јасно посочија дека правниот субјективитет нема да влијае негативно на здружувањето на синдикатите на повисоко ниво, што дополнително ја зајакнува аргументацијата за нов пристап.

Сегашното решение обезбедува правен статус само за синдикатите на повисоко ниво, синдикатите на ниво на гранка и општите синдикати, што значи дека само тие можат да располагаат со сопствена трансакциска сметка, да имаат печат и да поднесуваат тужби до надлежен суд. Во практиката, тоа често се отсликува со монополизирање на синдикалното организирање, оддалечување на работниците од синдикатите на ниво на работодавач и

анексирање на синдикатите од понизок степен од страна на повисокиот облик на синдикат. Промената во однос на правниот субјективитет на почетокот можеби ќе резултира со одредена неизвесност додека помине периодот на адаптација. Сепак, долгорочно, ваквата промена сигурно ќе ја зацврсти заштитата на работничките права и ќе создаде синдикати блиски со своите членови, што се грижат за потребите и проблемите со кои се соочува еден македонски работник. Широкиот правен статус и понатаму ќе им овозможува на синдикатите да се окрупнуваат и да прават поголеми сојузи, не затоа што мораат, туку затоа што сакаат и затоа што ја разбираат потребата од големо и силно заедништво на синдикалното организирање. Впрочем, тоа е и ставот на четиринаесет од вкупно седумнаесет консултирани синдикати, што сметаат дека правниот субјективитет нема да влијае негативно на синдикалното здружување. Дополнително, статусот на правно лице за сите синдикати ќе значи зголемување на можностите преку кои можат да се заштитат работниците, членови на конкретниот синдикат, како и зголемување на видливоста на синдикатите од понизок степен.

Претежно теоретскиот карактер што го има оваа дискусија додека не се имплементира решението дека секој синдикат треба да има статус на правно лице и свој правен субјективитет, неизбежно може да донесе нови предизвици за синдикатите. Затоа, апсолутно е неопходна темелна проверка и сеопфатна консултација при подготовка на подзаконските акти поврзани со законот/законите од страна на Министерството за труд и социјална политика. Ова ќе разреши голем број прашања, како на пример она за начинот на кој ќе се регистрираат и евидентираат синдикатите, обезбедувајќи унифицирана и јасна примена. Во меѓувреме, синдикатите, на чело со општите, ќе треба суштински да поработат на своите внатрешни структури и да изготват план за заедничко застапување со кој работниците ќе ја обезбедат својата единственост во преговорите со институциите и работодавачите. На овој начин, можат да се создадат услови за зајакнување на македонските синдикати и тоа само доколку предложената промена биде проследена со поширока општествена трансформација на статус-квото во кое се наоѓа синдикалното организирање.

Стекнувањето својство на правно лице со моментот на упис во соодветниот регистар, за синдикатите ќе претставува прв чекор на долгиот пат за зајакнување на сојузништвото, солидарноста и борбата кон остварување на заедничките интереси и цели. Дебатата за демократизацијата на работничките движења и синдикалната борба би била нецелосна доколку на прашањето за правниот субјективитет не се надоврзат и останатите битни елементи на синдикалното движење. Во оваа смисла, неопходно е понатаму да се разгледува и прашањето за екуменистичка соработка и кумулативен, а со тоа и квалитативен збир на решенија и стратегии за учество и притисок во сите насоки. Особено треба да се обрне внимание на социјалниот дијалог, настапот пред работодавачи/газди, односот кон државата која во насока на синдикатите и газдите се јавува како „божемна независна инстанца“,[169] информирање на работниците за судбината на други работници во државава и нивно афектирање и развивање на култура на солидаризирање.

Синдикалното поместување се чини неизбежно; останува да видиме дали промената во однос на регулираноста на правниот субјективитет ќе претставува доволно силен ветер во грб за работите да почнат да се придвижуваат во насока на вистинска заштита на работничките права.

169 Овој став е преземен од рецензијата на трудот направена од Мариглен Демири – истражувач.

# ЛИСТА НА ТАРГЕТИРАНИ ПРЕПОРАКИ

1. Почнување на собраниска процедура за Законот за работните односи.
   I. Владата на Република Северна Македонија во најбрз можен рок да ја испрати финалната предлог-верзија на законските решенија до Собранието на Република Северна Македонија;
   II. Финалната предлог-верзија на законските решенија, на која работната група при Министерството за труд и социјална политика работеше уште од летото 2018 година, пред и по амандманите во Собранието да биде соодветна комуницирана кон експертската и широката јавност;
   III. Собранието на Република Северна Македонија да почне собраниска процедура за усвојување на Законот за работните односи.
2. Усвојување на законско решение што предвидува статус на правно лице и посебен правен субјективитет за секој синдикат.
   I. Собранието да ја финализира собраниската процедура и да го усвои законот;
   II. Собранието да го усвои законското решение како одредба од Законот за работните односи како што во моментов е предложено во финалната предлог-верзија: стекнување на правен статус со моментот на упис во соодветниот регистар.
3. Проверка и широка консултација при дефинирање на подзаконските акти што ќе го дефинираат новиот систем на поставеност на синдикатите.
   I. Министерството за труд и социјална политика да обезбеди широко учество на засегнатите страни при формулирањето на решенијата во подзаконските акти што ќе го дефинираат функционирањето на синдикатите.
4. Изготвување план за заедничко застапување на синдикатите со кој работниците ќе ја обезбедат својата единственост во преговорите со институциите и работодавачите.
   I. Општите синдикати да го почнат и да го водат процесот на изготвување на овој план;
   II. Носителите на овој процес да ги вклучат сите синдикати до кои може да се допре, без разлика на кое од четирите нивоа застапуваат (синдикатите на ниво на работодавач, струковите, гранковите и општите синдикати);
   III. Синдикатите да овозможат консултациите да бидат колку што е можно посеопфатни, што подразбира вклучување на граѓанските организации што работат во областа на работничките права, земајќи ги предвид нивните наоди.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Билјана Јовановиќ, Бранимир Јовановиќ, Виктор Митевски, Виктор Стојкоски, „Нееднаквост во време на корона - Ефекти од пандемијата на Ковид-19 врз македонската економија: бриф за политики“ (2021) <https://zmai.mk/wp-content/uploads/2021/01/Efektite-od-Kovid-vrz-MK-ekonomija-MK.pdf>.

- Вилдан Дрпљанин, „Кој и како (ќе) ги организира синдикатите?“ (ResPublica, 2019) <https://respublica.edu.mk/blog/2019-09-11-08-39-41>.

- Вилдан Дрпљанин, „Невидливи работници“ (ResPublica, 2020) <https://respublica.edu.mk/mk/blog/2020-10-26-11-16-26>.

- Вилдан Дрпљанин, „Трудот и потта се наши, парите и капиталот се на 900 луѓе во државава“ (ResPublica, 2020) <https://respublica.edu.mk/mk/blog/900>.

- Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, „Ефектите од COVID-19 врз индустриското производство на текстилната и кожарската индустрија“ (29 март 2021) <https://zmai.mk/ефектите-од-covid-19-врз-индустриското-произ/>.

- Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, „Зголемен бројот на невработени лица во текстилната индустрија за време на пандемијата“ (25 февруари 2021) <https://zmai.mk/зголемен-бројот-на-невработени-лица-в/>.

- Иван Катарџиев, Иван Мазов и Славко Мандически, Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1962).

- Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Економските ефекти од корона-кризата“ (април 2020) <https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/QLife_No.3.pdf>.

- Институт за економски истражувања и политики Finance Think, „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?“ (ноември 2020) <https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PB43-2.pdf>.

- Кире Василев, Мариглен Демири, Наташа Нешевска, Никола Штериов „Анализа на степенот на задоволство од механизмите за заштита на работничките права во Република Северна Македонија“ (2019) Хелсиншки комитет за човекови права.

- Кире Василев, Ана Гулева, Синдикатите во Македонија, (Левичарско движење „Солидарност“, 2017).

- Коста Солев Рацин, Поетски творби (Македонска книга 1936).

- Орде Ивановски, Миле Тодоровски, Лазар Лазаров, Борислав Петковски, Јован Јанев и Марјан Димитриевски, Историја на синдикалното движење во Македонија (Сојуз на синдикатите на Македонија 2008).

- Орде Иваноски, Работничкото синдикално движење во Македонија до 1918 година (Комунист, 1985).

- Сузана Симоновска, Неда Петковска, Годишен зборник Annuaire, Книга 72 (2019, Филозофски факултет - Скопје).

- Тодор Каламатиев, Александар Ристовски, „Работните односи во услови на здравствено-економска криза предизвикана од Ковид-19“ (јануари 2021) <https://bit.ly/3h-1LyGW>.

- Томе Георгиевски, Современи синдикати - Правно политички основи и дејствување (2000).
- Andrea Komlosy, Work: The Last 1,000 Years (Verso 2018).
- Beverly J. Silver, Forces of Labor: Workers' Movements and Globalization since 1870 (Cambridge University Press 2003).
- Child J, Loveridge R and Warner M, "Towards an Organizational Study of Trade Unions" (1973) 7 Sociology 71.
- Cornelia Staritz, Mike Morris, Leonhard Plank, "Clothing Global Value Chains and Sub-Saharan Africa: Global Exports, Regional Dynamics and Industrial Development Outcomes", vol 2016/16 (2016) International Trade Working Paper 2016/16.
- Dimitar Apasiev, "Sindikalizam u Republici Makedoniji" Casopis za politicka, drustvena I kulturna pitanja "Novi Plamen" 18-19/2013 (2013).
- Doellgast VL, Lillie N and Pulignano V, Reconstructing Solidarity: Labour Unions, Precarious Work, and the Politics of Institutional Change in Europe (First edition, Oxford University Press 2018).
- Eric J. Hobsbawm, Age of Extremes: The Short Twentieth Century 1941-1991 (first published 1994, Abacus Books 1995).
- Eric J. Hobsbawm, Labouring men: Studies in the History of Labour (first published 1964, Anchor Books 1967).
- Folker Frobel, Jürgen Heinrichs and Otoo Kreye, "The New International Division of Labour" (1978) 17 Social Science Information 123.
- Fred Singleton, A Short History of the Yugoslav Peoples (Cambridge University Press 1985).
- Friedrich Ebert Foundation, "Annual review of labour relations and social dialogue" (2018) <>.
- George Politakis and International Labour Office (eds), Protecting Labour Rights as Human Rights: Present and Future of International Supervision; Proceedings of the International Colloquium on the 80th Anniversary of the ILO Committee of Experts on the Application of Conventions and Recommendations, Geneva, 24-25 November 2006 (International Labour Office 2007).
- Gregor Gall, The International Handbook of Labour Unions: Responses to Neo-Liberalism (Elgar 2011).
- ILOSTAT, "Industrial relations", Summary Reports, <https://bit.ly/2SYvgD3>.
- Mies Maria, Patriarchy and Accumulation on a World Scale: Women in the International Division of Labour (Zed Books 2001).
- Milka Ivanovska, "Organized labor in post-socialist Macedonia: the path to marginalization (1989-1998)" (2014) Central European University, Budapest, Hungary.
- Michael Yates, Why Unions Matter (2nd ed, Monthly Review Press 2009).
- Norman Geras, The Legacy of Rosa Luxemburg (Verso Books, 2015).
- Robert G. Hall, "Tyranny, Work and Politics: The 1818 Strike Wave in the English Cotton District" (1989) 34 International Review of Social History.
- Sabrina P. Ramet, The Three Yugoslavias: State-Building and Legitimation, 1918-2005 (Woodrow Wilson Center Press; Indiana University Press 2006).
- Simpson RC, "The Significance of the Legal Status of Trade Unions in Britain and Australia" (1976) 18 Journal of Industrial Relations.

- Valerija Botrić, “Structural unemployment and its determinants in Southeast Europe”, Ekonomska misao i praksa (1), 2011.


# ДОКУМЕНТИ


- Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на евидентирани невработени лица 2020“ (2020)

  <https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/Maj%202020/Nevraboteni_maj.pdf>.

- Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на невработени лица со состојба на 31.05.2020 година и податоци за прилив и одлив на невработени лица во периодот од 01.05.2020 до 31.05.2020 година“ (2020)

  <https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/Maj%202020/01prilivodliv_052020.pdf>.

- Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на податоци за прилив и одлив на невработени лица“ (2021) <https://av.gov.mk/pregled-na-podatoci-za-priliv-i-odliv-na-nevraboteni-lica.nspx>.
- Државен инспекторат за труд, „Извештај пријави од 06 до 09.04.2020“ (2020) <http://dit.gov.mk/?p=5671>.
- Државен инспекторат за труд, „Извештај корона вирус - 15131 и веб страна од 11.03 до 31.03.2020“ (2020) < http://dit.gov.mk/?p=5522>.
- Државен завод за статистика, „Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, февруари 2021 година“ (2021) <https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40>.
- Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија март 2020“ (2020)

  <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedonija-mart-2020/>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија - декември 2020“ (2020) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshta%d1%98-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a-dekemvri-2020/>.
- Хелсиншки комитет за човекови права, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија - април/мај 2021“ (2021) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedonija-april-maj-2021/>.
- Хелсиншки комитет за човекови права, „Посебен извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19“ (2020) <https://mhc.org.mk/news/poseben-izvesh-ta%d1%98-za-sosto%d1%98bata-so-chovekovite-prava-vo-vreme-na-kovid-19/>.
- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.1“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot/>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.2“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-3/>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.3“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-3>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.4“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-4-2>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.5“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-5-2/>.

- Хелсиншки комитет за човекови права, Инфографик „Работничките права во време на коронавирусот бр.6“

  <https://mhc.org.mk/reports/rabotnichkite-prava-vo-vreme-na-koronavirusot-br-6/>.


## ЗАКОНОДАВСТВО


- Меѓународна организација на трудот. Конвенција број 87 за слободата на здружување и заштита на правото на организирање, од 1948 година.
- Собрание на Народна Република Македонија. Закон за аграрна реформа и колонизација, („Службен весник на Народна Република Македонија“ бр. 3/1946) донесен на 9.2.1946 година, во сила од 17.3.1946 година.
- Собрание на Народна Република Македонија. Закон за аграрна реформа и колонизација („Службен весник на Народна Република Македонија“ бр. 3/1946) донесен на 9.2.1946, во сила од 17.3.1946.
- Собрание на Република Македонија. Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991), усвоен на 17.11.1991 година.
- Собрание на Република Македонија. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија бр.80/93 од 30.12.1993 година), донесен на 27.12.1993 година, во сила од 6.1.1994 година.
- Собрание на Република Македонија. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19), донесен на 22.7.2005 година, во сила од 5.8.2005 година.
- Собрание на Република Македонија. Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16,

30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), донесен на 30.4.2004 година, во сила од 8.5.2004 година.

- Собрание на Федеративна Народна Република Југославија, Закон за национализација („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија бр. 98/II), донесен на 5.12.1946 година, во сила од 6.12.1946 година.

# СОЈУЗНИШТВО, СОЛИДАРНОСТ И БОРБА

ОСПОРУВАЊЕ НА СТАТУС-КВОТО ВО МАКЕДОНСКИОТ СОВРЕМЕН СИНДИКАЛИЗАМ

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА